# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Четвртото продолжение на Сто и третата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 5 септември 2005 година

Седницата се одржа во салата за седници во Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,03 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше потпретседателот на Собранието на Република Македонија, господин Слободан Најдовски.

**Слободан Најдовски:** Продолжуваме со работа по Сто и третата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Ангелка Пеева Лауренчиќ, Абдулади Вејсели, Љубе Бошковски, Никола Груевски, Петар Наумовски, Сашко Кедев, Љубчо Георгиевски, Слободан Чашуле, Али Ахмети, Рафет Муминовиќ, Ванчо Ѓоргиев, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Со оглед на тоа што треба директно да преминеме на гласање по точката што беше завршена, предлагам пауза од половина час да имаме доволен број на пратеници.

Продолжуваме во 11,30 часот.

(По паузата, седницата продолжи со работа во 11,33 часот).

Продолжувме со работа.

Молам пратениците да влезат во салата.

Молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници.

(Службите го утврдуваат точниот број на присутни пратеници во салата).

Ги повикувам уште еднаш пратениците да влезат во салата.

Според евиденцијата за присутност, 72 пратеници се пријавени дека се присутни за седница, а во салата моментално имаме 52 пратеници.

(Пратениците влегуваат во салата).

Молам службите сега нека го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

(Службите го утврдуваат точниот број на присутни пратеници во салата).

Продолжуваме со работа, сега имаме доволен број на пратеници.

Сепак, она што е процедурално, да притиснеме на едно од копчињата на системот за гласање за да го утврдиме бројот на присутни пратеници во салата.

(Пратениците притискаат на системот за гласање).

(На мониторот се појавува помала бројка од фактички присутни пратеници во салата).

Имаме повторно непритискање на системот за гласање.

Во салата се моментално присутни 64 пратенци и можеме да работиме.

**Застанавме на точката 23 - Предлог за донесување на закон за Бирото за развој на образованието.**

Претресот е заклучен.

На Собранието му предлагам да го усвои следниов заклучок:

1. Собранието на Република Македонија го усвојува Предлогот за донесување на закон за Бирото за развој на образованието.

2. Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави предлог на закон за Бирото за развој на образованието, при што ќе ги има предвид мислењата и предлозите содржани во извештаите на работните тела и од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија.

3. Овој заклучок, заедно со извештаите на работните тела и стенографските белешки од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија да се достават до Владата на Република Македонија и Министерството за образование и наука.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, 59 гласале за, 1 воздржано, 1 против.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

**Минуваме на точката 25 - Предлог на декларација за неменување на уставното име на Република Македонија.**

Предалгачи се пратениците: Никола Груевски, Силвана Бонева. Ѓоре Паљошкоски, Михајло Георгиевски, Марјан Ѓорчев, Аднан Ќахил, Илија Китановски, Илија Србиновски и Ванчо Стаменков.

Предлогот на декларацијата и дописот на Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците ви се доставени, односно поделени.

Пред да отворам претрес, молам од предлагачите кој е овластен претставник, кој ќе има право да се јавува цело време и доколку има некои амандмани.

Имате ли овластен претставник?

Госпоѓо Бонева вие сте?

Овластен претставник е госпоѓа Силвана Бонева.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на декларацијата.

Молам, кој бара збор?

Има збор пратеникот Бонева Силвана.

Повелете госпоѓо Бонева.

**Силвана Бонева:** Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници,

Во последниот период сме сведоци на зголемениот притисок за промена на уставното

име на нашата држава. Овој притисок, особено се зголеми по признавањето на уставното име на Република Македонија од страна на нашиот стратешки партнер, Соединетите Американски Држави.

Наша намера е да се потсетиме на темелните документи на Меѓународната заедница, на меѓународните ковненции и декларации што ги дефинираат и гарантираат правата на народите да се викаат како што слободно изразиле дека ќе се викаат.

Собранието на Република Македонија, Декларацијата за неменувањето на уставното име на Република Македонија треба да ја донесе во прилог на развивање на добрососедските односи и решавање на отворените прашања со сите свои соседи, соработувајќи и решително делувајќи во насока на јакнење на мирот и стабилноста на овој регион.

Од тие прижини, врз основа на членот 68 став 2 од Уставот на Република Македонија, пратениците кои се потписници на оваа Декларација, на Собранието на Република Македонија му предлагаат на денешната седница да ја донесе Декларацијата за неменување на уставното име на Република Македонија, тргнувајќи од одредбите на Уставот на Република Македонија и соодветните меѓународни документи.

Длабоко загрижени од недемократскиот однос на Владата на Република Грција кон правото на Република Македонија да се именува според сопствената волја, свесни за моралната оправданост на намерите на граѓаните на Република Македонија за опстојување во стремежите за зачувување на името на Република Македонија, уверени во заедничката цел да истраеме на патот за понатамошна афирмација и меѓународно етаблирање на единственото име на нашата држава - Република Македонија.

Собранието на Република Македонија смета дека името Република Македонија е дел од вкупното историско, културно и национално наследство на македонскиот народ, на деловите од албанскиот, турскиот, влашкиот, српскиот, ромскиот и бошњачкиот народ во Република Македонија и на останатите граѓани. Историската втемелност на името Република Македонија, што е длабоко всадено во свеста на секој граѓанин, претставува интимна врска со државата во која денес тој живее. Во таа смисла, неменувањето на уставното име на Република Македонија е наша историска и културна обврска, од која што немаме право да се откажеме.

Граѓаните на Република Македонија со Референдумот од 8 септември 1991 година и со донесувањето на Уставот на Република Македонија на 29 ноември 1991 година ја возобновија државноста. Со овој чин, Република Македонија се етаблираше како самостоен и еднаков со другите субјект во меѓународните односи. Како резултат на тој факт, неприкосновено е правото да се именуваме, согласно нашата изворна и историски фундирана волја, која не треба да биде предмет на ничие оспорување.

Обидувајќи се да ја разбереме позицијата на Владата на Република Грција, потсетуваме дека Република Македонија изминативе 15 години од возобновувањето на државноста ја потврди својата определеност за изградба на цврсти и пријателски врски, засновани на принципите на взаемно уважување и почитување. Во таа смисла, Република Македонија, преку Амандманот на членот 49 од Уставот и преку промената на своето државно знаме во 1995 година, откажувајќи се од дел од своите изворни права, во најголема можна мера ја потврди својата определеност за развој на односите со Република Грција. Со тој чин, на дело беше докажано дека манифестираните стравувања на дел од политичките репрезенти во Република Грција немаат ниту формален, ниту реален основ.

Свесни за политичката тежина на очекуваната одлука на актуелната Влада на Република Грција, упатуваме заедничка порака за надминување на краткотрајните политички интереси од нивна страна, во служба на промовирањето на заедничките добрососедски односи. Во таа смисла, остро се противиме на било каква вештачки конструирана алтернатива во однос на употребата на уставното име на Република Македонија, преку евентуална уставна промена од наша страна, односно воведување повеќе имиња или некој друг чекор што ќе значи релативизирање на употребата на нашето уставно име во домашните и во меѓународните односи.

Република Македонија, искрено залагајќи се за развој на добрососедските односи, опстојувала и ќе опстојува на ставот за развој на взаемното почитување и уважување, како основ на идеолошка премиса за создавање на сигурна и просперитетна иднина. Членството во Европската унија и во Северно-атлантската договорна алијанса претставува наша стратешка цел за што носиме историска одговорност. Во таа смисла, уважувањето на легитимните интереси на Република Грција, како членка на Европската унија и на НАТО, развојот на меѓусебните односи и промовирањето на духот на разбирањето, е основа на нашата политика за која искрено веруваме дека постојано ќе се надоградува и развива.

Почитувани пратеници, оваа декларација, откако ќе биде донесена, бараме да се достави до: Претседателот на Република Македонија, Владата на Република Македонија, Генералниот секретар на ООН, Советот за безбедност на ООН, Европскиот Парламент, Парламентарното Собрание на Советот на Европа, Претседателот на САД, како и до парламентите на Велика

Британија, Република Франција, Руската Федерација и Народна Република Кина.

Почитувани колеги пратеници.Тргнувајќи од фактот што сите пратенички групи што се претставени во Собранието на Република Македонија, односно сите политички партии што се овде во Собранието на Република Македонија, јасно го кажуваат својот став дека не се согласуваат да се промени уставното име на Република Македонија. Очекуваме со акламација да биде потврдена декларацијата за неменување на уставното име на Република Македонија. Ви благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Бонева.

Од пријавените во моментов, дали некој се јавува за реплика или се сите за дискусија?

Процедурално збор бара господинот Караџоски Жарко.

Повелете господине Караџоски.

**Жарко Караџоски:** Почитуван потпретседателе,

Со оглед дека ова беше воведно излагање и со оглед дека ова излагање, она што беше искажано го немавме на писмено, бараме еден час пауза, а за тоа време стенограмот да ни биде поделен.

**Слободан Најдовски:** Господине Караџоски,

Дали е доволно половина час, со оглед на тоа што најголемиот дел од уводното излагање беше дел од Декларацијата? Но, доколку барате еден час, нема проблем.

Еден час пауза по барање на Пратеничката група на ВМРО-Народна.

Продолжуваме во 12,50 часот.

(по паузата седницата продолжи со работа во 12,50 часот)

**Слободан Најдовски:** Продолжуваме со работа.

Има збор господинот Никола Груевски.

Повелете господине Груевски.

**Никола Груевски:** Почитуван потпретседател на Собранието, почитувани пратеници, дозволете ми да се обратам за ова прашање, за кое што денеска дискутираме, а тоа е предложената декларација за неменување на Уставното име на Република Македонија, чиј што потписник и предлагач сум јас лично, заедно со друга група на пратеници. Декларација за која што сметам дека во овој момент е многу важна да биде донесена, да биде донесена од сите нас тука заедно, од сите парламентарни партии, независно кој е на власт, а кој е во опозиција, независно од етничка природа, дали се Македонци, Албанци, Срби, Турци, Бошњаци, Власи итн.

Значи, се работи за едно прашање за кое што сите се согласуваме и досега се имаме усогласено, дека е прашање од висок национален интерес, прашање по кое што не е добро да има било каква дискусија, која што треба да не подели , да не раскара итн. Прашање по кое што нашата држава цели 15 години трпи одредени консеквенци, притисоци, понекогаш можеби тоа го чувствуваме и како уцени, така што како што досега се опстојуваше на овие работи, мислам дека оваа декларација ќе биде значаен придонес во натамошното опстојување за неменување на Уставното име и уште еден можеби дел, од мозаикот што се гради, за да се застане цврсто на бедемот на одбраната на Уставното име на Република Македонија.

Како што сите знаеме, независно од тоа што во изминатиот период многу држави ја признаа Република Македонија под Уставното име, сепак како што знаеме, како времето одминува, притисокот е се поголем, притисокот е се позначаен и нашите процеси како држава што ги водиме понатаму ќе значат дека овој притисок и понатаму ќе се зголемува.

Одтука, имајќи предвид дека се почесто имаме разни емисари кои што доаѓаат да преговараат со високи државни службеници, со високи државни функционери, во врска со некаков компромис за менување на Уставното име, додавање на уште едно Уставно име итн, имајќи предвид дека оној што најмногу е заинтересиран за промена на Уставното име на Република Македонија , а тоа е соседна Грција дека сепак е посилна и поорганизирана држава, членка на ЕУ, членка на НАТО итн, сепак е добро овој Парламент на некој начин да ги зацврсти позициите на оние кои што учествуваат во тие разговори да ги зацврсти со една ваква декларација, за која што можеби е најдобро да биде усвоена со акламација.

Како и да е, почитувани пратеници, ова ќе биде значаен придонес во натамошното опстојување, борба и опстојување за задржување на Уставното име. Мислам дека не само со чинот на нашето гласање на оваа декларација, инаку ваква декларација во почетокот на 90-тите години има донесено Грчкиот парламент. Уште повеќе, тие имаат донесено и резолуција, што е пообврзувачки документ, одколку декларација.

Како и да е, мислам дека после се она што беше нзад нас, иако за некои други работи, кои што беа предложени, на пример, како за предлогот за заеднички референдум на власта и опозицијата за зачувување на името, не беше прифатено, тоа е зад нас. Сега барем ценам и знам дека е добро Парламентот едногласно да ја прифати оваа декларација, да не оставиме простор, односно да не оставиме пукнатина на колебање, или на неодлучност кај нас, овдека во Република Македонија што секако, ќе биде искористено од страна на оној што е заинтересиран за промена на Уставното име на Република Македонија.

Така што, би сакал уште еднаш да го потенцирам фактот и да ја дадам подршката за оваа декларација, кога сите ние веќе сме определени дека не треба да има промена на Уставното име , тогаш ние не треба и да се колебаме во правецот на тоа да ја подржиме оваа декларација денеска. Да ја подржиме по можност и со акаламација, да ја подржиме без остри меѓупартиски дискусии и

да покажеме дека овој Парламент, независно кој од која партија доаѓа, независно кој од која националност е, цврсто стои зад она што се вика Уставно име на Република Македонија и зачувување на тоа Уставно име.

Затоа почитувани пратеници, уште еднаш би ве повикал сите заедно да го подржиме овој предлог, оваа декларација. Тоа е најмалку што можеме да направиме во овој момент, како Парламент во правец на зачувувањето на Уставното име. Постојат и други работи за кои што можеме да дискутираме. На пример еве еден предлог дека во Уставот на Република Македонија, тој сега и така ќе трпи промени, во Уставот на Република Македонија може да се додаде клаузула дека било какво менување на името на државата, мора да биде со референдум. Тоа дополнително би ја зацврстило нашата позиција , тоа дополнително би испратило сигнал за нашата цврстина, затоа што тука работите ќе се стават на испит кај граѓаните што многу потешко поминува одколку кај било кој друг.

Меѓутоа, за тоа ќе разговараме понатаму, за тоа исто така, е потребна волја на сите пратеници, на сите пратенички групи, на сите политички партии. Тоа не е работа за кое што треба да се делиме, а најмалку работа за која што треба да се делиме е една обична декларација, која што овој Парламент треба да ја усвои, затоа што е од национален интерес за Република Македонија.

Ние веќе одамна имаме кажано дека Уставното име, зачувувањето на Уставното име е на некој начин, нешто што досега претставуваше едно единство во Република Македонија, меѓутоа, имајќи предвид дека во последно време почувствувавме одредени колебања кај одредени личности, почувствувавме одредени притисоци, дополнителни. Во последно време, имајќи предвид дека такви притисоци ќе има и понатаму, добро е како поткрепа на нашите напори, како поткрепа на работењето на Владата, на било која влада, Парламентот едногласно да усвои една ваква декларација. Ви благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Груевски.

За реплика се јави господинот Кондарко.

**Борис Кондарко:** Благодарам господине потпретседателе,

Господине Груевски, најмалку што вие можете да направите, а не Парламентот, да ја повлечете оваа ваша предлог декларација, затоа што наместо со акламација како што вие посакувате, ќе добиете во јавноста врел политички шамар, со кој ќе биде одбиена оваа декларација. И не само одбиена, туку ќе бидете осудени, исто како што јавноста, политичките партии, невладините организации, интелектуалците ве осудија и пред некој месец кога ја кажавте и сега ја повторивте идејата за референдум за неменување на Уставното име. Ова од следните причини, затоа што вие со ваквите идеи ги навредувате Република Македонија и македонските граѓани.

Вие господине Груевски не сте сигурен ни во самиот себе, а што е уште потрагично, немате доверба ни сигурност ниту во сопствениот народ. Тоа за еден политичар, навистина, е загрижувачко.

Вие водите една политика, како и во минатото на политичко подметнување, демек еве, вие сте активни, предлагате нешто и вие ќе се правите патриоти во Република Македонија, а некои други ќе ги правите предавници, а најмалку со декларација ќе го одбраните Уставното име на Република Македонија.

Би сакал во оваа реплика да се послужам со еден ваш цитат, каде цитирате еден филозоф Ериктрон, каде што ја кажавте неговата мисла, дека способноста за објективноста е ум.

Со ваквиот ваш политички потег, господине Груевски, не гледам овдека ниту малку способност, ниту малку објективност.

Треба да ссе засртамите господине Груевски, затоа што ве одбија сите политички партии, немате никаква политичка подршка во јавноста, од сите интелектуалци и невладини организации и едноставно, останувате сам во Република Македонија со вакви штетни идеи, кои ги навредуваат граѓаните и народот на Република Македонија.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Кондарко,

Една минута контра реплика господинот Груевски.

Повелете господине Груевски.

**Никола Груевски:** Благодарам за репликата. За жал, ако можам ова да го насетам дека ќе биде и став на СДСМ, навистина, е ова едно големо разочарување што го слушам денеска. Гледам дека господинот Кондарко отиде на лични квалификации, на лични омаловажувања за еден предлог, за кој што сметам дека сите во Македонија го посакуваат. Сите посакуваат Парламентот да не покаже колебање, партиите да не покажат колебање и ако навистина, стојат зад тоа дека Уставното име не треба да се промени, да го покажат тоа со оваа декларација.

Значи, тоа е идејата. Зошто некој бега од оваа декларација? Зошто некој бега и вели дека треба да се повлече? Зошто некому му е потребно лични напади на други, затоа што понудиле една декларација? Тоа навистина, зачудува.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Груевски.

Три минути реплика господинот Блаже Стојановски.

**Блаже Стојановски:** На почетокот сакам да кажам дека не видов колебање, барем досега немам видено колебање од ниту еден член од овој Парламент, по однос на неменувањето на Уставното име на Република Македонија. Отворањето на тоа прашање значи лично

гледање на господинот Груевски. Меѓутоа, ставот да се донесе декларација во овој Парламент треба да биде образложен, затоа што овој Парламент веќе има донесено исто таква декларација 1992 година, со конкретен повод. Тоа беше Лисабонската декларација од страна на тогашната Европска заедница, која што се однесуваше на неможноста Република Македонија да биде признаена под Уставното име. Тогаш по конкретен повод беше донесена декларација. Сега се нуди нова декларација, со иста содржина да биде донесена од истото Собрание на Република Македонија. Зошто тоа се прави?

Од друга страна, господинот Груевски зборуваше во своето образложение дека оваа декларација ќе значи зацврстување на позициите во однос на проблемот со името, кои што треба да бидат зацврстени преку оваа декларација.

Јас навистина не знам од каде произлегува тоа убедување дека има потреба од зацврстување. Доколку има потреба, тогаш треба да се каже од каде произлегува таа потреба. Затоа што, за да може нешто да се зацврсти, треба нешто да биде претходно ослабено.

И уште нешто, кое што навистина, ќе ми помогне во однос на моето изјаснување, а тоа е наодите на господинот Груевски, дека постојат луѓе кои што се колебаат по однос на ова прашање.

Јас сакам јавно да ги истакне кои се тие луѓе кои што се колебаат по однос на ова прашање, а се претставници на политиката во Република Македонија. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Стојановски.

Пред да му дадам збор на господинот Груевски, молам господинот Стојановски бидејќи беше пријавен, по редоследот да се врати после за дискусија.

Една минута контра реплика, господинот Груевски.

**Никола Груевски:** Благодарам за репликата. Мислам дека најдобар начин да покажеме дека нема колебање во овој Парламент е да ја прифатиме оваа декларација, да се усвои оваа декларација и тоа ќе биде најдобриот начин да се покаже дека кај никој нема колебање по ова прашање. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Груевски,

Има збор пратеникот Андреј Жерновски. Повелете господине Жерновски.

**Андреј Жерновски:** Почитуван потпретседател на Парламентот, почитувани дами и господа колеги пратеници,

Сабајле дојдов  длабоко убеден дека оваа иницијатива од нашите колеги од ВМРО-ДПМНЕ ќе биде повлечена, од една многу едноставна причина, затоа што како прво, ова прашање е затворено уште 1991 година, и како второ, затоа што сум убеден дека отворањето на ова прашање носи навистина , многу штетни последици за интересите на Република Македонија, на граѓаните на Република Македонија , особено во еден исклучително чувствителен период.

Јас сум длабоко уверен дека оваа тема воопшто не треба да се отвора, затоа што како што кажав таа е затворена, бидејќи прашањето за името на Република Македонија, дефинитивно, всушност, е апсолвирано уште на 8 септември 1991 година, кога припадниците на Македонскиот народ, исто така и на етничките заедници, односно, сега граѓаните на Република Македонија , со апсолутно мнозинство гласаа за самостојна и суверена Република Македонија, без никакви придавки и додавки.

Истата таа тема важи дека нашето Собрание на 18 септември истата година со декларација ја потврди волјата на граѓаните за не менување на ова Уставно име. Ова е апсолутно непотребна, прилично несреќна, но во секој случај исклучително штетна иницијатива на ВМРО-ДПМНЕ. Се согласувам дека сме сведоци, како што вели колешката Бонева на голем притисок од страна, од надвор за промена на нашето Уставно име, но една ваква декларација се носи доколку некој, или некои чувствуваат дека од внатре има некоја дилема кај граѓаните на Република Македонија или кај партиските елити, односно политичките партии за промена на овој став.

Јас се согласувам дека не треба да се оди на лични квалификации и немам намера да дискутирам на тој тон. Се разбираме дека треба да се разбираме, но повторно ќе кажам дали е потребно да се разговара на оваа тема. По мене, јас мислам не.

Оваа штетна иницијатива, е еден дел од епизодата како ВМРО-ДПМНЕ сака во овој момент, односно почуствувал потреба да го третира прашањето за Уставното име на Република Македонија. Првата иницијатива беше наречена референдум, кога, мослам дека колеги од ВМРО-ДПМНЕ, многу јасно добивте став од вашите коалициони партнери, од печатените електронски медиуми и ако сакате од експертите и тоа точно од оние експерти кои ве подржуваат во овој период од одредени причини, дека таа е исклучително штетна во овој момент да се покрене референдумско прашање на оваа тема. Таа тема доживеа дебакал. Мислев дека не само вие, туку сите ја научивме лекцијата од таа ваша иницијатива за референдум. Вие од грешка, според мене отидовте во уште поголема грешка , барајќи излез од таа иницијатива овде во Парламентот преку покренување на декларација.

Јас веднаш после овие две епизоди помеѓу идејата за раферендум и идејата за декларација, овде имав истиот ден кога заврши таа иницијатива , односно кога започна оваа, имав состанок со еден од клучните фактори во СТЕЈТ ДЕПАРТМЕНТОТ , ја имав таа чест да ја побара средбата со мене како координатор да дискутира

за теми за внатрешната состојба во Република Македонија. Самиот ме запраша дали вие како политичари се сомневате во ставот на граѓаните за тоа дали е ова Република Македонија или не, особено го прашуваше тоа затоа што тоа беше дадено во еден момент кога се разбира, САД, односно Вашингтон не призна под Уставното име.

Мислам дека токму тука лежи и целата поента, затоа што ова е штетно, затоа што како прво, нашите партнери кои не подржуваат на меѓународен план издадат сомневање за тоа дали сме ние самите сигурни во тоа што сме, а понатаму даваме подршка, токму на оние кои што во овој момент сакаат и тоа како да има промена на нашето Уставно име.

Јас се согласувам дека треба да се прати сигнал, како што вели почитуваниот колега Никола Груевски, но мислам дека сигналот е упатен на погрешна адреса, односно мислам дека со ова им даваме сигнал токму на оние кои што сакаат да ја добијат битката на ова поле за Уставното име на Република Македонија.

Јас реков, немам намера да одам на лична дисквалификација, немам намера да ја нападнам ВМРО-ДПМНЕ, за видење на некоја политика, бидејќи сум длабоко уверен лично овој пат дека вие оваа иницијатива ја покренувате со добра намера или сакате да дадете некоја превентивна декларација од евентуално, некои збиднувања. Но, не само што сакам да ве повикам, туку сакам да ве замолам од лично име и од името на пратеничката група на ЛДП да ја повлечете оваа декларација, односно да не се расправа денеска како точка на дневен ред, затоа што, повторно велам , со секоја дискусија, со секое отворање на оваа тема, ние даваме само повеќе оружје, ако може да се каже така во рацете на нашите соседи, или оние кои што не ни мислат добро по ова прашање.

На крајот на краиштата, мислам дека, морам да го спомнам писмото од Светскиот македонски конгрес кое што јасно укажува дека ставот на граѓаните, многу јасно е кажан на Референдумот и дека ова прашање не можат ни самите пратеници да го отворат, бидејќи е тоа затворено.

Ќе се обидам да звучам принципиелно затоа што ние овде како пратеничка група, јас тогаш дискутирав од името на пратеничката група и ја поддржав вашата декларација кога баравте да се поддржи Владата на Република Македонија односно државните институции во борба за што побрза евро и евроатланска интеграција. Не само што ја поддржав тогаш, туку немав прилика да не го истакнам тоа во било која средба преку мешовитиот парламентарен комитет или како член на Делегацијата при Советот на Европа, затоа што сум длабоко убеден и го чувствувам тоа дека што повеќе кажуваме дека тоа е став не само на власта, туку и на опозицијата, како што вие велите на било која власт, толку се појаки шансите конечно да дојдеме до она што го сакаме, а тоа е полноправно членство во Европската Унија и НАТО. Јас сум презадоволен од она што колегите од Вашата пратеничка група и од опозицијата го истакнуваат токму во оваа насока на сите тие средби.

Значи, тогаш ја поддржавме оваа декларација, а сега, ве уверувам уште еднаш дека ова сега што го подготвувате како иницијатива е штетна и дека треба да ја повлечете иако пак ќе кажам и изразувам уверување дека имате најдобра намера.

Сакам да ве уверам исто така дека го покренувате ова прашање во еден исклучително сериозен и чувствителен момент, во период кога не призна САД, во период кога не случајно не призна Полска. Ние кажувавме дека има член на Европската Унија тоа е Словенија, но таа со тој став влезе во Европската Унија, не случајно во овој момент, а тоа вие треба да го знаете како претседател на ВМРО-ДПМНЕ, па и човек кој се нарекува лидер на опозицијата, да знаете дека тоа воопшто не е случајно што во овој момент Полска не призна под името Република Македонија.

Исто така мислам дека ги знаете најавите кои срамежливо, но сепак излегоа во грчката јавност дека се подготвува финалниот став на Нимиц во врска со решавање на ова прашање. Во грчката јавност беше напишано дека тој став е поблизок до ставот на Скопје, како што не нарекуваат.

Во Советот на Европа во тек е декларација за признавањето на Уставното име на Република Македонија. Кога добивме поддршка од речиси сите претседатели на групите кои го сочинуваат Советот на Европа, политички групи кога добивме потписи од поранешните претседатели на Советот на Европа, генералните секретари и видни членови итн. Добро знаете дека во Европскиот парламент дека има перманентна иницијатива за признавањето на Уставното име на Република Македонија и мислам дека од прилика еден месец повторно ќе имаме иницијатива од пратеникот (непознато име за стенографот). Оваа ваша иницијатива во Парламентот доаѓа во период кога очекуваме позитивното (Ави) од страна на Европската комисија односно кога во декември го очекуваме конечно да го добиеме статусот на кандидат и кога на премиерот односно претседателот на грчката Влада Караманлис при посетата на претседателот на САД господинот Буш токму на ова прашање доби прилично негативен одговор.

Сега излегов на говорница со една дилема од каде е потребата да се донесе ваква декларација или поточно кажано каде е сомневањето затоа што сомневање, а нема сомнение дека Парламентот има право и треба и мора да донесува декларации, ниту тоа се носи кога чувствува дека како законодавен дом треба да го изрази ставот на граѓаните дека има промена ов некој став, а ние како нивни избраници тоа да го констатираме.

Не видов дека во граѓанскиот сектор има некакво сомневање во уставното име на Република Македонија. Не видов дека во политичките партии воопшто има, без разлика дали се власт или опозиција, има сомневање по ова прашање. Не видов дека во државнинте институции, не видов дека во Владата има сомневање или како што вие кажавте цитирам "колебање на некои личности", јас би ве замолил да кажете ајде ако е некој од ЛДП или коалицијата и ние да покренеме некоја мерка во тој правец.

Вие рековте почитуван господине Груевски дека Парламентот односно пратениците покажале колебање. Истото треба да се дознае ако навистина го чувствувате тоа или сте го дознале. Но, ако сите овие фактори кои ги набројав воопшто не покажале сомневање на крај ќе излезе, но несреќно решение по вас дека вие сте единствените кои се сомневате во ова прашање, иако јас пак ќе кажам, мислам дека не е така, но на крај тоа ќе биде резултатот.

Мислам дека вашите активности како несомнено голема пратеничка група треба да ги насочите на меѓународен план да контактирате со политичките групи кои ви се блиски тука да помогнат во врска со Уставното име. Не сакам да звучи како фалење, ние овде ги поканивме заедно, не сакам да ги заборавам колегите од Либералната партија, го поканивме Бирото на пратеничката група на Либералдемократи од овде да пратат сигнал прво за уставното име, а потоа дека Македонија треба да добие позитивно мислење и трето дека треба во декември да го добие статусот на кандидат. Нашите колеги од СДСМ многу умешно исконтактираа со колегите од Бундестагот и затоа се чудам зошто, ако веќе покренувате иницијатива, не оди тоа и до Парламентот на Германија, не ми е јасно зошто само Велика Британија и Република Франција, покренаа прилично успешно иницијатива и успеаја Бундестагот односно канцеларот Шредер да ја признае Република Македонија со нејзиното Уставно име итн. Мислам дека заедно, доколку како опозиција и како власт тука работиме на меѓународен план и секој со својата политичка група контактира, мислам дека ќе бидеме многу појасни.

На крај би сакал уште еднаш, пак ќе кажам, да ве замолам да ја повлечете оваа иницијатива, затоа што сум сигурен дека нанесуваме само штета токму во овие моменти на интересот на нашата држава.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Жерновски.

Од оние што се пријавија во меѓувреме за реплика, господинот Груевски, Китановски, Бонева, Стаменков, Лалчевска, сите за реплика.

Одиме по ред.

Има збор пратеникот Никола Груевски, повелете три минути реплика.

**Никола Груевски:** Би сакал да реплицирам на господинот Жерновски во правец на следното.

Тој неколку пати во неговата дискусија побара ние да ја повлечеме оваа декларација, дека тоа ќе направи штета. Јас навистина би размислил за таа идеја да се повлече декларацијата кога би ни било објаснето која е штетата ако овој Парламент донесе декларација за неменување на името. Јас навистина не можам да ја разберам штетата, еве да зборуваме за штетата, што е штетата ако 120 пратеници денеска изгласаат поддршка за неменување на името. Која е тука штетата? Каква штета ќе направиме. Дали не е штета ако нема таква декларација, а таква има во Грција, од почетокот на 90-тите години.

Исто така, беше спомнато дека повторно го отвораме прашањето. Прашањето е отворено, прашањето е сосема отворено и не смееме да ги затвораме очите пред напорите што ги прави нашиот сосед Грција во правец на менување на Уставното име на Македонија и на позициите што таа ги има и инструментите што таа ги има. Затоа да ги затвораме очите и да викаме дека ова прашање е затворено и една декларација во Парламентот за неменување на името да кажуваме дека е штетна, навистина за мене е неразбирливо.Мислам дека треба да покажеме одлучност во овој момент и да ја изгласаме оваа декларација.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Груевски.

Една минута контра реплика за пратеникот Жерновски.

**Андреј Жерновски:** Благодарам за репликата.

Господине Груевски јас се убедив да ви објаснам, да ви го кажам мојот став за тоа зошто сметам дека треба да ја повлечете оваа иницијатива, се обидов да ви ги цитирам оние луѓе кои на крајот на краиштата во голема мера одлучуваат дали ние ќе се викаме и понатаму Република Македонија или не и пак ќе повторам, ништо друго не ми преостанува, се разбира ваша одлука е дали ќе ја повелечете оваа иницијатива, ваша и на колегите кои ја потпишаа.

Прво, ве уверувам дека ова прашање е затворено, сосема кристално јасно за граѓаните на Република Македонија, за политичките фактори во Република Македонија и како второ се плашам дека изразуваме сомневање во оние партнери кои не поддржуваат токму на овој план, а од друга страна даваме поддршка на оние кои во овој момент со сите сили политички и не само политички се обидуваат да го променат уставното име на Република Македонија.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Има збор пратеникот Силвана Бонева, три минути реплика.

**Силвана Бонева:** Благодарам почитуван потпретседателе, господине Жерновски и

прашањето за борбата против корупцијата е затворено прашање, бидејќи е декларирано внатре во сите документи и на политичките партии (реакација од страна на пратениците од позицијата) да, да, меѓутоа, вие како политичка партија баравте односно доставивте до овој парламент декларација. Значи, иако секаде е декларирано и напишано во сите програми на политичките партии и сите сме едногласни за тоа дека ќе се бориме против корупцијата, вие доставивте декларација до овој Парламент и не ја гледам штетата од тоа. Не знам што е штета од декларацијата која ја даваме за неменување на Уставното име кога со декларацијата фактички праќаме еден сигнал, една јасна политичка порака надвор од државата, дека и покрај сите притисоци ние сме единствени по однос на неменување на Уставното име и со тоа фактички ги зајакнуваме преговарачките позиции на државата Република Македонија. Нашите партнери можат да изразат сомневање во нашата истрајност во оваа битка, доколку и понатаму наместо да ја поддржите оваа декларација, им давате оружје во рацете на тие кои го прават притисокот врз Република Македонија за кои и самите кажавте дека ќе ни предложат став што е многу близок до ставот на Скопје. Но, сепак, ќе се согласите, не е идентичен со Уставното име на Република Македонија.

Токму од тие причини е оваа декларација.

**Слободан Најдовски:** Една минута контра реплика за пратеникот Андреј Жерновски.

**Андреј Жерновски:** Благодарам за репликата, ќе се обидам во една минута да ги кажам трите става.

Прво, ме чуди сериозен патеник да става знак на равенство помеѓу иницијатива за борба против корупција и иницијатива за неменување или менување на Уставното име.

Понатаму, не е точно дека тоа прашање е затворено, погледнете го последното за борба против корупцијата, погледнете го последниот извештај од Советот на Европа, погледнете ја последната декларација на Европскиот парламент, погледнете го последниот извештај од Европската комисија односно Советот на министри за да разберете дека таа тема воопшто не ја затвораат, туку не повикуваат и понатаму да продолжиме во битката.

На крај ќе ве цитирам од вашето излагање. Велите историската втемеленост на името на Република Македонија е длабоко ставено во свеста на секој граѓанин. Тоа е поентата.

Понатаму, дека сите пратенички групи во Парламентот јасно го кажале својот став. Значи, самите вие констатиравте дека ниту граѓаните ниту парламентот немаат потреба од повторно отворање на ова прашање, бидејќи за сите нас тоа е затворено.

**Слободан Најдовски:** Три минути реплика за пратеникот Ванчо Стаменков.

**Ванчо Стаменков:** Секој пратеник, секој политичар си има право на свој став, јас го прифаќам ставот на господинот Жерновски, но и не мора да се согласам со него. Јас мислев спротивно од него дека иако ставот на граѓаните искажан на референдумот е јасен и треба сите политичари во Република Македонија да го почитуваат тој став, факт е дека кај нас во Македонија многу не се почитуваат ставовите на граѓаните посебно искажани на референдумите.

Уште едно прашање што е многу важно е ставот на политичарите дали е потполно јасен во изминатиот период по ова прашање името Република Македонија?

Мислам дека политичарите во Република Македонија не се јасни во своите изјави кои ги даваат и политиката која се води, посебно надворешната политика во овој дел е многу млака политика и не гледам некоја храбра иницијатива во тој поглед кога се настапува посебно во странство дека ние имаме навистина цврст изграден став дека имаме едно име, а тоа е Република Македонија.

Тоа од изјавите не можеме да го видиме дека е токлу чисто и јасно. Затоа мислам посебно во оваа декларација треба да ги разреши сите тие дилеми кај политичарите кога 120 пратеника ќе гласаат, а пратениците се претставници и на политичките партии и на граѓаните за оваа иницијатива односно декларација, тогаш ниту еден политичар било каде на земјината топка не смее да зборува дека се преговара или се разговара за името на Република Македонија, туку дека Република Македонија односно граѓаните и политичките партии имаат еден став, цврст став дека имаме едно име, единствено име Република Македонија.

Затоа сметам дека декларацијата ќе помогне во овој правец и ќе се расчистат, посебно кај некои политичари, дилеми постојат, верувајте дека постојат, а посебно кај некои политички партии.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Стаменков.

Има збор пратеникот Илија Китановски, три минути реплика.

**Илија Китановски:** Благодарам господине потпретседателе, би сакал да реплицирам во три сегменти, така ги издвоив од дискусијата на господинот Жерновски.

Првиот беше веќе спомнат од колегите, а тоа е околу тоа дали ова прашање сега го отвораме предлагајќи една ваква декларација за зачувување на Уставното име или прашањето е одамна отворено и не е ни блиску на сите оние информации што ги имаме до затворање, значи сеуште се водат преговори под покровителство на Обединетите нации и тие преговори траат, така што не може да стане збор дека ние отвораме или затвораме некое прашање. Камо среќа да е

затворено, тогаш ќе нема потреба од ваква декларација.

Втора работа е една генерална забелешка, меѓутоа, тоа е реплика на дискусијата на господинот Жерновски, еден впечаток кој со самиот тек на дискусијата ваков каков што го поприма седницата, не знам дали сме свесни дека со оспорувањето, несогласувањето и со сите овие дискусии кои се одвиваат во една вжештена атмосфера, даваме дополнителни аргументи за дополнителен притисок кој Владата во овој момент го чувствува околу ова прашање и пак прашаме еден лош сигнал, една лоша порака дека во Република Македонија дури и по ова прашање не можеме да постигнеме консензус или да постигнеме консензус околу една заедничка декларација која, и покрај сите укажувања, не слушнавме во што може да штети, која ќе ја покаже цврстината и ќе ја зацврсти позицијата на преговарачите во било кои преговори, како во оние кои се водат во Обединетите нации, така и во евентуални директни разговори или преговори што би следувале во иднина.

Третиот сегмент на кој сакам да реплицирам е околу поддршката во јавноста и компарацијата односно паралелата со идејата што ВМРО-ДПМНЕ и Лидерот господинот Груевски, ја пратија во јавноста за организирање на заеднички референдум кој би го организирале и власта и опозицијата на сите политички партии во Република Македонија за неменување на Уставното име на Република Македонија. Само ќе ве потсетам на една анкета јавно објавена во медиумите во која преку две третини од граѓаните анкетирани се изјасниле дека би го поддржале овој предлог. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Китановски.

Една минута контра реплика за господинот Жерновски.

**Андреј Жерновски:** Самиот си ветив дека нема да одговарам на реплики, меѓутоа, некој се обидува да направи замена на тези.

Јас исто така се согласувам дека на надворешен план тоа прашање е отворено, дека воопшто не е затворено. Јас се обидов да ви објаснам дека на внатрешен план тоа прашање е затворено. Дека внатрешните чинители во Република Македонија немаат никаква дилема за тоа дали сме ние македонци, дали е ова Република Македонија. Ниту граѓанскиот сектор, ниту политичките партии, ниту институциите на власта, Парламент, Влада, како сакате, самите вие во говорот на вашиот претседател, во говорот на координаторот на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ констатиравте дека никој нема сомневање во оваа држава освен некои личности за кои, јас уште еднаш ќе ве замолам да кажете кои се тие личности, дали се во власта, дали се во опозицијата.

**Слободан Најдовски:** Има збор пратеникот Ристана Лалчевска, повелете.

**Ристана Лалчевска:** Благодарам господине потпретседателе,

Господине Жерновски, вие во своето излагање кажавте дека Парламентот има право со декларација да изрази свој став, јас се согласувам со вас, меѓутоа, би додала дека исто така Парламентот има право да донесе Декларација и да потврди некој свој став. Оваа декларација е токму во таква функција.

Се работи за став кој е идентичен и непроменет кај сите политички субјекти во Македонија и кај целокупното граѓанство, меѓутоа, надвор од Македонија очигледно ова прашање не го затвориле сите. Токму во функција на праќање на еден сигнал дека под никакви притисоци нема да се промени ваквиот став и оваа декларација, јас искрено верувам дека со акламација ќе биде прифатена како потврда на она што години наназад го имаме сите како граѓани, како став за непромена на нашето Уставно име.

Тука би ве потсетила на една граѓанска иницијатива од минатата година која ја нарекоа не ме фиромирај, во која што сите учествуваа, а и ние како пратеници, меѓу кои и вие господине Жерновски, се потпишавме и ја подржавме таквата акција, која ј аимаше истата содржина. Ако се сеќавате испративме картички во Брисел и ја имаше истата цел, да дадеме сигнал надвор дека нема промена на нашето уставно име. Токму и оваа Декларација од највисоко ниво која треба да биде донесена во Парламентот со полно право на парламентарците да донесат и да го потврдат својот став, треба да оди надвор и да даде сигнал дека нема промена на ваквиот став под никакви околности и под никакви притисоци.

Затоа, нема никако да се сложам со она што вие го кажавте дека имате информации Мимиц наскоро ќе излезе со став кој ќе биде многу приближен до нашиот. Нема приближен став до нашиот, има само еден единствен став, Република Македонија има свое уставно име кое нема никогаш и под никакви услови да биде променето.

Затоа, Либералната партија ќе ја подржи оваа декларација, а верувам и вие господине Жерновски. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Лалчевска.

Има збор пратеникот Стојановски Блаже.

**Блаже Стојановски:** Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Прашањето околу Декларацијата за неменување на името на Република Македонија јас го гледам пред се во контекст на Уставот на Република Македонија, затоа што во Уставот е дефинирано името на државата, дефинирани се нејзините граници, определен е нејзиниот суверенитет.

Прашањето за поднесување на иницијатива за носење на декларација за промена на името е прашање кое што го проблематизира на индиректен начин, до колку од било кои причини се појави некаква неедногласност Уставот на Република Македонија, што ќе значи дека оваа декларација навистина не гледам потреба да биде воопшто поднесена тука, затоа што со поднесување на ваква декларација, сметам дека даваме до знаење дека го проблематизираме она што е јасно и чисто за секој македонец, за секој граѓанин на оваа држава за Република Македонија. Тоа е дефинирано и со Преамбулата, тоа е дефинирано и со целиот Устав. За да биде ситуацијата уште почудна односно причините на предлагачите на оваа Декларација, тука се појавува еден факт кој што се однесува на тоа што ова Собрание веќе има донесено ваква Декларација. Има донесено Декларација со која што јасно ја има изразено својата волја за неменување на уставното име Република Македонија. Тоа е искажувано повеќе пати од сите државни функционери, од претседателите на Република Македонија, од Собранието во повеќе наврати, исто така од Владата на Република Македонија, независно во каков состав таа била. Од сите меѓународни контакти, од сите страни.

Фактот што ова прашање сеуште не е затворено на меѓународен план, не ни дава за право да ја проблематизираме едногласноста во Република Македонија околу почитувањето на уставното име Република Македонија. Затоа што, што и да се каже, како и да се размислува тоа може да биде само штетно во поглед на нашата позиција како држава при разговорите односно решавањето на оној проблем кој што треба да придонесе за приближување на Република Македонија до Европската унија, до НАТО структурите, а притоа да не се направи блокада во тој процес од страна на било која членка на овие организации. Затоа што, не може да очекуваме дек анекој може да ни оспорува како ние самите ќе се нарекуваме, затоа што никој нема право, нема никакво право да ги нарушува општоприфатените вредности и принципи и да го одрекува правото, основното право на секој народ, на секоја држава, а тоа е правото на идентитет.

Ние се соочуваме со една потреба која што ни ја наметнуваат предлагачите да докажуваме нешто за кое што сите самите сме свесни дека нема потреба околу тоа да дискутираме. Меѓутоа, ако веќе оваа Декларација има политичка позадина односно има причини кои што ќе значат политички пораки и политичка задолжителна сила која што треба да ја даде ова Собрание, тогаш неминовно се поставува прашањето зошто предлагачите не поднесоа Предлог иницијатива за донесување на резолуција на нешто што е задолжително за ова Собрание, задолжително за сите органи и институции во Република Македонија, кое што ќе значи вистинска неменливост на уставното име и на тој начин ќе се затвори целосно до крај ова прашање едногласно во ова Собрание на Република Македонија. Зошто предлагачите не поднесуваат облигаторна задолжителна резолуција, туку поднесуваат декалрација која што претставува само израз на политичка волја, меѓутоа, нема законска сила, за разлика од резолуцијата.

Тргнувајки од овие размислувања, не можам а да не помислам дека единствена причина за поднесување на една ваква декалрација е потребата на една опозициона партија да покаже дека и таа се залага за неменување на уставното име на Република Македонија, што е добро како став на таа партија, меѓутоа, не е добро тој став да се изразува на ваков начин. Затоа што, јас досега немам ниту еднаш слушнато од било кој политичар, од било кој пратеник, од било кој функционер во Република Македонија дека за него уставното име е доведено под знак на прашање и дека има простор за билокаква дилема околу тоа прашање. Меѓутоа, за да биде на јасно за што зборувам, јас морам овде, заради граѓаните на Република Македонија, заради сите нас тука да ви ја прочитам Декларацијата, која што истото ова Собрание ја донесе во 1992 година со цел да се види текстот на оваа Декларација, да се види за што гласале пратениците во Првото Собрание на Република Македонија и да се види дека таа Декларација не е донесена заради тоа што некој мисли дека некој ќе проблематизира нешто, туку со конкретен повод, а тоа е Лисабонската декларација која што е донесена од Европскиот совет на Европската заедница и таа се појавува како израз, политички став на највисокиот законодавен дом во тоа време во Република Македонија дека преговори, разговори, дилеми околу прашањето на името на Република Македонија не смее, не може да има. Таа Декларација е во сила и ден денес и јас не гледам никаква промена во ставовите ниту на политичарите, ниту на политичките партии, ниту на граѓаните на Република Македонија во поглед на ова прашање и од тука да произлегува некаква потреба за повторно носење на нова декларација, која што за жал единствено се разликува од оваа Декларација само по барањето за достава на таа декалрација до истите оние институции, до кои што Декларацијата од 1992 година била доставена.

Во точката 1 од Деклрацијата од 1992 година се вели " Собранието на Република Македонија го оценува за неприфатлив и го отфрла делот од Декларацијата на Европскиот совет на Европската заедница за поранешна Југославија усвоена во Лисабон на 27 јуни 1992 година што се однесува на признавањето на Република Македонија со име кое нема да го вклучува терминот Македонија. Со прифаќањето на ваквиот став макар и привремено се прави преседан со исклучително тешки меѓународни последици". Ова стои во точката 1 од таа Декларација.

"Собранието на Република Македонија го поздравува делот на Декларацијата кој ги

гарантира границите на Република Македонија и нивната неповредливост во согласност со принципите на Повелбата на Обединетите нации и Париската повелба. Со пренесувањето на дел од својот суверенитет во Демократска федеративна Југославија, Федеративна Народна Република Југославија и Социјалистичка Федеративна Република Југославија, врз основа на правото на самоопределување, Република Македонија е меѓународен субјект со јасно изразено и признато име, суверенитет и територијален интегритет и како таков субјект е рамноправен правен наследник на СФРЈ, прифатен на Конференцијата за Југославија на Европската заедница и во нејзините документи.

Собранието на Република Македонија со Декларацијата од 17 септември 1991 година ја потврди волјата на граѓаните на Република Македонија изразена на Референдумот од 8 септември истата година, во која тие се определија за самостојна и суверена држава под името Македонија, што се изрази и со Уставот на Република Македонија донесен на 17 ноември 1991 година. Во овие документи се истакнува дека Република Македонија ќе се залага за доследно почитување на принципите на меѓународните односи содржани во документите на Организацијата на обединетите нации, Завршниот документ од Хелсинки и Париската повелба на КЕБС. За легитимноста и оправданоста на своето барање засновано врз Декларацијата за меѓународно признавање, Република Македонија доби и официјална потврда во Извештајот на Арбитражната комисија на Конференцијата за Југославија на Европската заедница, во која е заземен ставот дека Република Македонија ги исполнува условите од насоките за признавање на новите држави во Источна Европа и во Советскиот Сојуз и Декларацијата за Југославија усвоени од Советот на Европската заедница на 16 декември 1991 година, како и дека употребата на името Македонија не содржи какви и да е територијални претензии кон друга држава. Името Македонија е основа за името на еден народ, македонскиот народ кој претставува мнозинство во Република Македонија и со неговото негирање се врши дискриминација врз тој народ и националностите кои живеат со него. Тоа не е во функција на обезбедување мирен и стабилен сестран развој на Република Македонија и зачувување на нејзиниот суверенитет и независност обезбедени на мирен и демократски начин.

Собранието на Република Македонија и натаму инсистира и бара од Европската заедница, како и од пошироката меѓународна заедница, Конференцијата за европска безбедност и соработка и Организацијата на Обединетите нации и нејзините членки меѓународно да ја признаат Република Македонија со нејзиното име и во постојните граници". Ова е Декларацијата која што еднаш е веќе донесена од страна на Собранието на Република Македонија на 3 јули 1992 година.

Што е она што ги тера предлагачите да носиме нова декларација коај што во целост се поклопува со оваа Декларација. Напротив, јас мислам дека и самиот состав на првичната Декларација е многу позначаен заради времето во кое е таа донесена, заради поводот во кој што таа е донесена. Од тие причини сметам дека навистина едногласноста околу неменливоста на името на Република Македонија е јасна. Сите гласно искажуваме, сите се стремиме името Република Македонија во меѓународни рамки да петставува официјално признато име од страна на сите земји во светот, од страна на сите меѓународни организации, а притоа ние како Република Македонија да не придонесеме со ништо во контекст на проблематизирање на овој процес, кој што треба да значи дефинитивно признавање на нашата држава под нејзиното уставно име.

Јас не знам што треба да се додаде на оваа Декалрација која што ја прочитав и не знам зошто има потреба за уште една декалрација за истото прашање и не знам воопшто дали некој мисли ќе има измена на волјата на Парламентот на Република Македонија, која што ја искажал во 1992 година и онаа што треба да ја искаже сега. Да не навлегувам во самата содржина на Декларацијата, голем дел од нејзе се содржи во Преамбулата на Уставот на Република Македонија, а останатиот дел е веќе содржан со Декларацијата која што ви ја прочитав.

Затоа, сметам дека концензусот е јасен, тој не треба да се проблематизира од никого. Сите политички субјекти, сите граѓани на Република Македонија не треба да ги ставаме во ситуација да бидат проблематизирани нивните мисли, затоа што отворањето на прашање околу Референдумот за име или околу тоа дали некој ќе подржи нешто, па ако подржи тоа значи дека го почитува уставното име, а ако не тоа значи дека е предавник, а другиот е патриот и т.н., тоа само ги комлицира односите во Република Македонија и оневозможува сите заедно да застанеме во битката за целосно признавање на Република Македонија под нејзиното Уставно име.

Оттука, јас ќе кажам дека мојот став не се разликува од ставовите кои што се искажани во оваа Декларација. Содржината на Декларацијата е добра, меѓутоа, потребата да се носи ваква декларација сметам дека не постои.

Од овие причини сметам дека сите ние како Парламент, како Собрание ќе најдеме сили или предлагачите ќе ја повлечат оваа Декларација или тоа ќе значи преименување на оваа Декларација во некакво задолжителен документ, кој што ќе значи вистински политички став на предлагачите по однос на ова прашање. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Стојановски.

Господин Китановски има реплика, потоа госпоѓа Бонева и госпоѓа Лалчевска исто така има реплика.

Сега, три минути реплика за пратеникот Китановски Илија.

Повелете господине Китановски.

**Илија Китановски:** Благодарам за репликата.

Би сакал да реплицирам на неколку делови од излагањето на колегата Блаже Стојановски. Гледам дека во ставовите што ги искажа сме многу блиску односно тој е многу блиску во подршка на оваа Декларација и се надевам дека во текот на понатамошната дискусија ќе го промени својот краен став дека нема да гласа односно дека нема потреба од таа Декларација. Ќе се обидам во оваа реплика да му помогнам во тоа. Значи, зошто декларација, а не резолуција, мислам воопшто не е спорно и сметам дека дури и резолуција можеме да донесеме, меѓутоа ќе потсетам дека и од резолуција многу пооблигаторен документ или акт е Референдумот кој што ВМРО-ДПМНЕ го предложи, а кој што меѓу другите и од пратеничката група на ВМРО-Народна односно од партијата на која што припаѓа господинот Стојановски, беше малтене пречекан на нож. Значи, тој е уште пооблигаторен акт или документ и од резолуција. Да потсетам уште еднаш во една анкета објавена преку јавните медиуми, таа идеа, тој предлог доби поддршка од преку две третини од анкетираните граѓани.

Втората работа за која што сакам да реплицирам е во врска со Лисабонската декалрација. Треба да знаеме што беше суштината на Лисабонската декалрација, мислам сите ја знаат, меѓутоа, да се потсетиме дека главната забелешка и она што најмногу не погоди од таа Лисабонска декалрација како граѓани на Република Македонија е дека во неа изричито стоеше името на Република Македонија, значи нашето име, не треба да го содржи зборот Македонија. Собранието, нормално, донесе Декларација која што имаше свој удел на понатамошно, да речам, омекнување или трансфорамција на тие ставови на Европската унија од Лисабонската декларација наваму во врска со главниот став односно главниот став кој што ни пречеше во таа Лисабонска декларација, а тоа е дека во иемто на нашата држава не треба воопшто да се содржи зборот Македонија. Мислам дека во тој дел, апсолутно во изминатите 10 до 15 години има прогрес, меѓутоа и тој прогрес се должи, меѓудругото и на една Декларација која што Собранието во тој состав и во тој момент ја донесе, така што во секој случај таа Декларација не беше штетна. Напротив, таа Декларација беше корисна и даде свој придонес. И на крајот пак во контекст на дополнително разубедување на мојот колега, ако консензусот околу ова прашање е јасен, зошто тогаш јасно едноставно не ја изгласаме оваа Декларација, ако веќе сите тврдиме дека се согласуваме, имаме консензус и не е штетна. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Китановски.

Една минута контра реплика на пратеникот Стојановски Блаже.

Повелете господине Стојановски.

**Блаже Стојановски:** Ќе бидам краток. Само заради тоа што самото поднесување на оваа Декларација го поставува под знак на прашање, прашањето дали сите ние би гласале за оваа Декларација или не. Самото поднесување, тука е проблемот. Нема потреба некој да се сомнева во било кој пратеник од Македонскиот парламент дали е за зачувување на уставното име на Република Македонија. Мене тоа лично ме навредува, затоа што тука сме 120 пратеници, колеги и не треба на некого јас да му докажувам дека сум за неменување на уставното име на мојата држава.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Стојановски.

Три минути реплика за пратеникот Бонева Силвана.

Повелете госпоѓо Бонева.

**Силвана Бонева:** Благодарам господине претседателе.

Не очекував од пратеник кој што доаѓа од политичка партија со предзнак ВМРО да каже дека нема да ја поддржи декларацијата. Повеќе од една деценија не ни се признасва уставното име на Република Македонија и колегата цени дека нема потртеба од Декларација за поддршка на името бидејќи во Уставот е декларирано името на Република Македонија и дека со Декларацијата само ќе го проблематизираме името. Почитуван колега ние не го проблематизираме името, туку името е проблематизирано надвор од државата Република Македонија и оваа Декларација не е за внатре, бидејќи на сите граѓани на Република Македонија им е јасно кое им е уставното име на Република Македонија. Сите се единствени околу тоа дека името на нашата држава е Република Македонија. Пораката е потребна за надвор бидејќи притисоците се секојдневни за менување на уставното име на Република Македонија.

Навистина јас незнам, но вие треба тоа да ни го дообјасните како може да наштетиме заедно на процесот на признавање на уставното име доколку сите единствени од овде испратиме јасна политичка порака дека не потклекнуваме на никакви притисоци и дека Република Македонија не се откажува од своето уставно име.

Кажавте дека од ниеден политичар не сме чуле дека се согласува да се промени името на државата Република Македонија, меѓутоа ќе се согласите дека од ниеден политичар не сме чуле дека ќе се откаже од тоа дека суверенитетот на Република Македонија е недделив, но сепак видовме сите ние и целата македонска јавност

како се погази Уставот во делот на суверенитетот на државата и се подели неделивоста, како што е јасно кажано, на суверенитетот на државата Република Македонија со Законот за употреба на знамиња на етничките заедници. Значи никој не го кажа тоа, меѓутоа се покази Уставот во тој дел. Токму заради ваквите состојби неопходно е потребно јасно декларирање на волјата на сите политички субјекти во овој Парламент дека никој нема да го погази Уставот во овој Парламент, туку сите заеднички ќе опстоиме на патот за признавање на уставното име на Република Македонија.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Бонева.

Една минута контра реплика пратеникот Стојановски Блаже.

Повелете господине Стојановски.

**Блаже Стојановски:** Госпоѓо Бонева, вие знаевте дека има различни ставови по однос на потребата од носење на декларација од различни политички партии застапени во Парламентот. Зошто тогаш ја поднесовте, ако не сакате да го проблематизирате ова прашање. Зошто претходно не направивте консензус и да не се дискутира воопшто во овој Парламент околу ова прашање, затоа што сето ова што го правиме денес, штети во поглед на зачувувањето на уставното име на Република Македонија. Тоа е едно.

И втора работа кога зборуваме за суверенитетот, тогаш, јас ќе ве потсетам дека оние кои што го нарушија суверенитетот се пред се претставниците на она во ликот на ДУИ, за кој што слушаме дека имате постојани контакти.

**Слободан Најдовски:** Благодарам и ќе ве молам да дискутираме конкретно само за темата што е точка на дневен ред.

Три минути реплика за пратеникот Лалчевка Ристана.

Повелете госпоѓо Лалчевска.

**Ристана Лалчевска:** Благодарам господине потпретседател,

Јас навистина немав намера да му реплицирам на колегата Блаже Стојановски, меѓутоа последните неколку реченици ми дадоа за право за оваа реплика. Да расчистиме некои работи.

Вие рековте дека во потполно се согласувате со содржината на Деклрацијата и со се она што е напишано во неа, меѓутоа, не гледате каде е потребата на таа декларација.

На почетокот на своето излагање вие рековте дека факт е дека прашањето околу уставното име не е затворено на меѓународен план. Токму тука колега Стојановски лежи причината за поднесување на оваа декларација. Оваа декларација не е за употреба ни за нас ни за вас, ниту за било кој друг граѓанин на Република Македонија бидејќи сите ние имаме идентичен став. Сите имаме јасно зацртана политика околу ова прашање. Декларацијата е поднесена за да го потврдиме таквиот наш став и да пуштиме сигнал онаму во оние меѓународни институции и меѓународни субјекти кои сеуште не сакаат од некои нивни познати причини да го затворат ова прашање и сеуште го држат отворено. Ние затоа во континуитет, во континуитет потврдувам треба да пуштаме сигнали на меѓународната заедница дека нема промена на ставот и дека политиката околу ова прашање е јасна кај сите политички субјекти во Македонија и кај сите граѓани кои живеат во оваа држава. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Лалчевска.

Имаме уште три минути до паузата, сигурно се малку господине Иванов за вашата дискусија.

**Љубисав Иванов - Ѕинго:** Најмалку околу еден час.

**Слободан Најдовски:** Најмалку саат време!

Во тој случај објавувам пауза до 15,00 часот.

(Пауза од 13,58 часот).

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,02 часот).

**Слободан Најдовски:** Продолжуваме со работа.

Има збор Љубисав Иванов-Ѕинго.

**Љубисав Иванов-Ѕинго:** Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници,

Веднаш на почетокот да кажам дека свесно, јасно и конкретно ќе ја поддржам оваа Декларација, како пратеник и претставник на социјалистичката партија во овој Парламент и ќе ги наведам причините зошто тоа ќе го направам. Но, пред да поминам на причините зошто тоа би го направил, сакам веднаш да кажам дека некои процеси тука, сега во Парламентот не се одвиваат во духот на нашите определби.

Во историското проклетство што ја следи Македонија и македонскиот народ, уште еднаш тука дојде до израз пред сите нас и јавноста, поделба на тоа македонско ткиво, на политиканство, на интереси, интереси и сопствени и туѓи кои доаѓаат како резултат на разни влијанија.

Исто така мојата констатација дека барам по оние прашања за кои јас многу се залагав за овие 15 години, по кои постигнавме консензус, вие тоа знаете, тоа се прашањата околу Европската унија, околу НАТО и околу непроменливоста на името. Денес сме сведоци на тоа дека со нашите истапувања тука, со нашиот однос, ние практично покажуваме дека и по така витални прашања како што е името, неговата неповредливост, непроменливост и тн., под разни маски ние практично отстапуваме, тоа се гледа од таквите договори, што е многу опасно, она време од пред деведесетите години, веројатно оваа седница ќе се затвореше. Сега ќе кажете време на демократија, време на слобода и нема време тоа да се направи. Јас тоа го разбирам, но како изгледа сето ова наше истапување тука во

Парламентот, визави оној свет што не набљудува, визави оние со кои имаме проблеми. Јас мислам дека тоа не е добро.

Сега ние мораме да бидеме свесни, да размислуваме логички. Има сега еден кој шири една нова филозофија, па проповеда во школите да се внесе системот на размислување, на резонување. Тој е некој Едвард Депоне, баш од овие причини, затоа што со некои свои истапувања, практично ние нанесуваме поширока штета на општествената заедница, бидејќи отсуствува тоа размислување и тоа резонирање и таа логика, отсуствува разум, победува егоизмот, политиканството.

Јас би молел по вакви битни прашања за кои секој пат сум се залагал тука, не само за овие 15 години туку и останатите 20, 25 години, ние сепак да размислуваме заради угледот на нацијата, на народот, на Парламентот и меѓусебно претходно да седнеме и да имаме вакви расправи, да ги договориме тие работи.

Сега, зошто би ја поддржал оваа Декларација? Прво, мислам дека и сите вие сте свесни за тоа дека името на една држава е света работа, дека преку името се декларира еден народ, една нација, дека во тоа име доаѓа до израз една историја, на едно минато, на една огромна заоставштина, наследство, култура, материјални добра и тн. Ние во Македонија пак имаме и наследство наследено од едни многу подолги периоди, од милениуми каде поедини личности и во поедини периоди одиграле значајна улога на афирмацијата на името Македонија. Ние имаме и морално и историско и научно, обврска тоа да го сочуваме, доградуваме и развиваме.

Не е познато, барем мене не ми е, некоја друга држава, на некоја држава да и го одземе правото како да се вика. Јас за таков случај не знам, а многу одамна памтам и многу читам и следам. Нема случај, под пресија, под притисок, па дури и по одлуки на некои тела да се донесе одлука, за земја која е независна, суверена, самостојна, да мора да го промени името, до толку повеќе што во таа земја е изградена една огромна култура, дигнато е едно високо образование, создадена е една огромна материјална базам, создадени кадри, интелегенција и тн. Имајќи предвид пак дека целиот свет практично не ја одобрува оваа политика, а дека тоа е така, ние сме сведоци на тоа дека поголеми членки на ОН не признаа под уставното име Република Македонија, преку стотина земји тоа го направија. Не призна и најголемата држава денес во светот, најголемата по сите основи.

Имајќи предвид дека целокупните процеси се одвиваат во правец на добивањето на една неправедна битка која се водеше против Македонија, ние мораме да ги зацврстиме своите позиции, како држава.

Јас тука сум учесник на донесувањето на онаа Декларација од 1992 година. Меѓутоа, таа Декларација ја донесовме како резултат на Лисабонската декларација во која јасно и прецисно беше кажано дека во името на Македонија не може да стои зборот Македонија и тоа кој го донесе. Таа просветена Европа. Тоа беше скандал. И ние донесовме Декларација со која кажавме, не ја прифаќаме таа Декларација.

Ако имавме претходно декларација во која ќе кажевме дека под ниеден основ, под ниеден притисок и тн. нема да прифатиме промена на уставното име, прашање е дали ќе дојдеше до Лисабонската декларација. Ние мораме да ги разликуваме тие работи. Тука пратеникот Блаже Стојаноски ја читаше таа Декларација. Таа сепак се разликува од оваа декларација сега што се поднесува. Според тоа, ние не треба да се самоповикуваме на таа декларација. Таа е одраз на една состојба што ни се наметна од Европската унија.

Понатаму, тоа што се тврди дека ние цврсто стоиме дека нема промена на името. Јас сакам да верувам во тоа, но ние го променивме еднаш името во БЈРМ го променивме. Тогаш беше речено дека тоа е привремено решение и дека никој нема под тоа име да не вика. Под притисок го тоа направивме, бевме уценети дека нема да бидеме примени во Обединетите Нации.

Јас сакам овде да ве потсетам и на една друга трговија со името, од некои мешетари и недобронамерни луѓе. Според тоа јас не се сомневам во оваа Влада и во ова раководство дека стојат цврсто на тие определби, но се плашам дека можат да поткленат под страшни големи притисоци и од оние што ни се прават пријатели и од оние што не ни се пријатели.

Донесувањето на една ваква Декларација само ги ојакнуваме преговарачките позиции на оваа Влада и на идните влади. Да појдеме од претпоставка дека оваа Влада нема да поткленке под притисоците. Значи ли тоа дека е гаранција дека тоа нема да го направи некоја друга влада во друго време. Според тоа ние мораме да имаме непрекинато јасни и конкретни документи кои ги јакнат позициите на Владата и на преговарачите.

Понатаму, ние бевме сведоци, само пред четири-пет месеци дојде олеснувачот или преговарачот, како го викате, Нимиц, дојде со предлог да се промени името на Република Македонија. Морам да кажам дека Владата застана цврсто и го одби тој прдлог. Човек треба да биде јасен, објективн и да го каже тоа. Меѓутоа, човек кој се занимава со политика и што има резон, гледа од многу европски фактори на нас со свои изјави, со свои настапи. Зборуваат дека ние мораме со Грците да седнеме, да преговараме и да се договориме. Еве имаме случај, веќе се условува и нашиот прием во Европската унија со тоа што мора да се реши, од страна на државата која ни го оспорува името, да се реши тој проблем. Според тоа секоја наша определба тука во Парламентот со една многу појасна декларација и која се однесува конкретно на случајот, само може да ни користи а не да ни

штети. Таа ќе ни штети ако ние не сме единствени, ако ние имаме дивергентни ставови, ќе ни штети ако ние заради маркетинг, заради политиканство и тн го носиме тоа, но никако не може да ни штети ако ние сме конкретно сите за тоа и покажеме едно големо единство кое сме го изградиле во еден подолг период. Според тоа дајте да ги оставиме овие наши предизборни, така да кажам маркетиншки настапи и да гледаме во некаков предлог од опозицијата нешто да сака да ушиќари. Со самото тоа што ќе се прифати оваа Декларација едноставно, безоружана е опозицијата. Јасно е дека сите стоите зад таа работа.

Избегнувањето да не се прифати оваа декларација станува сомнително. Значи треба свесно или несвесно да се остави простор за одредени отстапки што јас не сакам да верувам, што тоа мојата душа и моето срце не сака да го прифати. Меѓутоа, гледајќи се што се одвиваше за овие 15 години, не е така прекрасен светот како што ние го мислиме. Светот има свои интереси, светот има свои пријатели, светот се држи до многу традиционални односи и тн. и ние иако градиме со тој свет пријателски односи, ние неможме да ги изградиме тие односи на сметка на други односи кои веќе се изградени.

Јас би ги замолил колегите пратеници да размислат околу оваaa работа. Тоа е инерес на државата, на сите граѓани во државата. Секој што сака да живее во оваа држава, секој што ја сака оваа држава, секој што мисли да гради иднина за себе, за својата фамилија и за своитре деца и тн., треба едногласно да застане зад вaквите документи и подоцна да се бори за нивно остварување.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Иванов.

Има збор пратеникот Јани Макрадули.

**Јани Макрадули:** Благодарам господине потпретседателе, почитувани колешки и колеги пратеници.

Дозволете ми во име на пратеничката група на СДСМ да се вклучам во оваа, како што беше кажано од дел од пратенците, апсолутно непотребна точка денес што ја имаме на дневен ред овде во Собранието. Бидејќи е политичка точката, ќе ми дозволите еден опис, еден вовед да дадам за тоа како во Собранието или како во политиката дејствуваме во овие три години.

Уште еднаш оваа точка ја покажа определбата на политиката на ВМРО-ДПМНЕ "е против секој предлог на Владата". Дали за некој вкус тоа е конструктивно или не, останува граѓаните да оценат. Но она што е кажано од нивна страна, после разговорите што претседателот на СДСМ се обидува да ги направи неколку пати, повторно добиваме ист сигнал дека е протв секој предлог што доаѓа во овој момент од позицијата.

Второ, она што не научи ова Собрание во овие три години е дека онаа конструктивност што тие ја сметаат како опозиција е во предлагање на разни декларации, најчесто дневно-политички, почесто популистички, а во секој случај митингашки.

И третото, не научи дека лидерот на ВМРО-ДПМНЕ, кој претендира да биде лидер на опозицијата, сем по бројот на пратеници што не може да го обезбеди овде во Собранието, е присутен овде во Собранието само кога зборуваме за таквите теми, популистички теми, кога сакаме да допреме до најчуствителните точки кај граѓаните, без разлика дали е тоа името на државата, дали е тоа веронауката, дали е тоа црквата. Но, не е тука кога зборуваме за ребалансот на буџетот и не е тука кога зборуваме за огромната дупка што настана во Народната банка кога тој беше министер за финансии.

Среќа, го потсети неговата колешка Бонева кога зборувавме за Извештајот на Комисијата за спречување на корупцијата кога и таа го премолча фактот за Националната платежна картичка, па ја потсети колегата Томиќ за тоа истото.

**Слободан Најдвоски:** Господине Макрадули, преминете на темата.

**Јани Макрадули:** Реков јас потпретседателе, апсолутно ова е политичка тема и за политички теми . . .

(дофрлање од место)

**Слободан Најдовски:** Без дофрлувања ве молам.

**Јани Макрадули:** И оваа декларација, по кој знае кој пат ја покажа разликата во идеологијата и различниот пристап на СДС и на позицијата и на ВМРО-ДПМНЕ во овој случај, од другата страна. Граѓаните на Република Македонија треба да ја прават разликата во пристапот што го имаат партиите што се сега на власт и оние што претендираат да дојдат на власт. И, кога тие ќе поднесат чисто политичка тема, чисто политичка декларација, маркетиншки и популистички ориентирана, не можеме да ги избегнеме политичките споредби, идеологии и пристапи, стратегии што ги имаат партиите од политичкото мнозинство и партиите од опозицијата, во овој случај до по медиумите мислев само ВМРО-ДПМНЕ, но денеска слушнав нешто друго од колешката Лалчевска, кој став се разликува од ставот јас што го имам слушнато и го имам од потпаролот на ЛП, кој вели дека ние веќе си имаме име и, без разлика што сме во коалиција со ВМРО-ДПМНЕ "сметам дека иницијативата е непотребна".

Тоа е разликата во менувањето на ставовите и тоа е разлика која што ги прави партиите такви какви што се и рејтингот на партиите таков, каков што е. Затоа, со сите тешкотии и маки што се обврзани од реформскиот курс, сеуште некои партии имаат највисок рејтинг во државата, а тоа е СДСМ.

Е сега, и денескја имаме уште една декларација, потпишана воглавно од пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, потпомогнати како што исто, во јавноста беше кажано од експертот за меѓународни односи во нивната партија господинот Филип Петровски, да ве потсетам, тој беше човекот кој по грешка беше конзул во Њујорк, но до 2002 година многу работи беа можни.

Декларацијата, најчесто беше поставувано прашањето, каква е штетата? Јас тоа ќе го аргументирам со следниве прашања:

Која е целта?

Која е пораката?

Каде е активитетот по една декларација?

Штетата е голема. Праќаме погрешен сигнал, тајмингот е апсолутно промашен или можеби, ќе кажам подоцна, е избран баш кога тоа не треба, меѓутоа тоа кажува за конструктивноста и колку добро и мисли на Македонија ВМРО-ДПМНЕ.

И трето, вештачки се наметнува Хамлетовата дилема како се викаме овде во Собранието, но тоа истото сакаме да им го наметнеме на граѓаните на Република Македонија, па бараме, организираме референдум до крајот на годината за името на нашата држава.

Потоа беше кажано се бара акламативност, меѓутоа пред да поминам на тоа ќе ја кажасм причината зошто оваа декларација се појавува, можеби да се изразам повторно со зборовите на потпаролот на ВМРО-ДПМНЕ е тоа што проработи Фројд во ВМРО-ДПМНЕ, па се сетил дека господин Симитис, како премиер на Грција, кога излезе од "Александар Палас" рече-многу сме блиску до решението Република Македонија - Скопје, да потсетам Никола Груевски тогаш беше министер во Владата во 2002 година на ВМРО-Д0ПМНЕ.

Акламативна декларација се прави онака како што покажавме ние досега неколку пати. Заеднички, со консензус. Доколку не сакате да сес удирате во гради, зошто единственото нешто за што ја поднесовте декларацијата, тогаш ќе дојдевте, ќе не повикавте, ќе разговаравме и со другите политички партии, да ги најдеме најдоброто решение за оваа декларација. Така како што направивме за НАТО, така како што направивме за нашето партиципирање или барање членство во ЕУ. Тоа е вистинскиот начин и тогаш се добива акламативна подршка од пратениците. Така како што направивме за Македонската православна црква. Не сакаме да избрзуваме, сакаме работите нтемелно да ги правиме и кога ќе ги направиме заеднички, тоа значи акламативно.

Инаку, содржински, декларацијата можеби ќе беше подобрена. Не ќе се појавеја некои термини или тези што апсолутно не се прифатливи или се можеби чудни. Мислев дека во декларацијата е грешка, меѓутоа денеска го повтори госпоѓа Бонева "возобновена државност". Државноста не се возобнови 1991 година. Државноста беше потврдена и стекната со многу востанија, крв, победата над фашизмот, многу пред 1991 година. "Државност, препознатлива по вековната култура, непроценливото духовно богатство". За жал, за нас добро повеќе мислат странците, само ние тоа не сакаме да го признаеме. Амбасадорот на Хрцатска, на своето заминување, господинот Милошевиќ рече "многу може да се научи од Македонија. Од овде излезе писменоста во Европа". Ние, уште се колебаме како се викаме, каде ни е  патот, што сакаме да направиме?!

Втората штета, реков тајмингот, меѓутоа можеби има некои скриени намери во сето тоа.

Да ве потсетам. Декларацијата беше промовирана во јавноста околу 16 мај, ден по најавата дека во Македонија ќе дојде господинот Нимиц. Мислите дека тоа беше случајност? Или, расправаме во моментов кога го чекаме одговорот од ЕУ. Господинот Жерновски за тоа зборуваше.

За среќа, министрите за надворешни работи на ЕУ јасно го пратија сигналот кон Република Грција: "Советот ги охрабрува Грција и Република Македонија да ги засилат своите напори за, што е можно поскоро, да се најде договорно и взаемно прифатливо решение во рамките на Резпуицоката 817/93 и Резолуцијата 845/93 на Советот за Безбедност на ОН". Она што го гледаат сите сакаме ние да си го преповторуваме или да го потврдуваме, апсолутно непотребно и контрапродуктивно.

За нас, патот кон ЕУ е приоритет и тоа се одлуките на Солунскиот самит. Со одлуките на Солунскиот самит, беше донесена заложба, потврдена и од Република Грција дека патот на Западниот Балкан или местото на Западниот Балкан е во интегративниот процес, е во Европа. Наместо таму да ја трошиме енергијата, да ги потсетуваме Република Грција или во разговорите што ги имаме со сите дипломати во разговорите дека Солунскиот процес е тој што го задржува процесот на интеграција на Република Македонија во Европа, таму да ја насочиме енергијата ние се убедуваме со популистички, реков декларации да докажеме не знам на кого можеме нешто да докажеме.

Која е целта, освен да се удираме во гради, јас апсолутно не гледам друга тема. И уште еднаш да ве потсетам,во надворешната политика не само што нема дилеми, никој не ни се колеба,не ни чувме, потврдено беше тоа од некои пратеници кои ја подржаа декларацијата, дека и Владата во овој момент, и сите чинители кои учествуваат во креирањето на надворешната политика, апсолутно на крај памет не им е да помислат да разговараат за промена на уставното име .

Да ве потсетам, прашањето за името не е дел од евроинтегративниот процес. Ание мора така да се однесуваме. Она што го договориле министрите на Европската комисија и на ЕвропскатаУниоја, ние сакаме ним да им го измениме мислењето, си наметнуваме вештачки темии, каде ќе не одведе

тоа? Самото отворање на дилемата ни носи негативни поенина нас, штетно е за процесот на надминување на разликите во рамките на ОН и контрапродуктивно, во секој случај, кога треба или се надеваме, го чекаме одговорот на Прашалникот или одговорот на Европската комисија.

Почитувани пратеници, навистина, следејќи ја денешнава дискусија, добив впечаток дека некој од нас овде навистина не прават разлика меѓу исконското право на секоја земја за определување и користење на своето уставно име и донесување на декларација како политички чин, со ограничен век, сепак ќе се сложите. Ние можеби ќе донесеме 100 декларации, меѓутоа можеби ќе дојде некоја друга Влада што нема да се грижи ниту за Собранието, ниту за декларациите што ги донело, па ќе се прави онака како што таа мисли дека се води една држава.

За исконското право на секоја земја за определување на своето уставно име немам што многу да додадам, освен дека во изминативе 15 години Република Македонија покажа волја, полн капацитет и зрелост за практикување и заштита на сопствените права како суверена и независна држава.

За второво, за политичкиов чин на декларацијава, за жал, можам само да прокоментирам дека е уште еден показател за незрелоста на опозицијата која што ете, ни по 15 години не може да ја согледа границата меѓи политичкиот маркетинг и фундаменталните прашања за кои што нема компромис.

Самиот чин на поднесување една ваква декларација, не само што нема да ја зајакне нашата позиција во разговорите, туку ќе им даде јасен сигнал на злонамерните дека ние, ниту по 15 години немаме расчистено со ова прашање. Па дури сега, ете, настојуваме, како-така да се договориме меѓу себе. Ова, дотолку повеќе, доколку се има предвид фактот дека плодовите од нашата праведна позиција се веќе на дофат. Признавањето од САД, одлуките на парламентите на Германија, на Италија, билатералното обраќање на Велика Британија со нашето Уставно име, како и битката во Европскиот Парламент, зборуваат во прилог натоа. Каков сигнал ќе испратиме ние доколку декларацијата биде изгласана со 63 пратеници? Ќе биде објавено дека од 120 пратеници гласале 63. Можеби од сите тие во салата биле присутни само толку, но тој знак нема да биде многу позитивен.

И сега, наместо да бидеме мудри и да ги приведеме разговорите кон крај, ние се определуваме да ја заостриме дебатата и да им дадеме аргумент во рацете на оние кои сметаат дека со повторното загревање на атмосферата можат да добијат нешто повеќе.

Среќа, денеска или таков впечаток добив, господинот Груевски ретерира од барањето за референдум. Но, мора ние, во Република Македонија да сфатиме дека референдумот не е играчка. Дека е тоа, на крајот на краиштата и скапа работа. Многу попаметно мислам дека 2,5 милиони евра оваа држава може да употреби во образованието, на пример. И, кога зборуваме за референдумот, она што најчесто го повторувавме ние за време на кампањата за референдумот за децентрализацијата, за Законот за децентрализацијата, беше она што го кажа господинот Проди-"што со последиците?" Спремните политичари, а не политикантите мора да се спремни да живеат како со предлозите, така и со последиците. Лесно е да се нафрли една идеја, да се фрли жежок костен, ама што после? Кој ќе ја понесе одговорноста, да речеме, доколку референдумот не успее? И тоа, како што во своето обраќање пред Унијата на млади сили на ВМРО-ДПМНЕ господинот Груевски ќе каже " да го организираме референдумот, државата да го организира референдумот пред Грција да организира референдум". Па ова веројатно не е трка? И сега, кога ќе види Европа, бидејќи Македонците го организирале референдумот 16,5 секунди или два дена пред нив, во ред, дечкиве се фини, ќе им го дадеме името. Политиката, можеби е трка, но на долги патеки. Таа трка се добива со тактика, стратегија, и упорност. Никако со онаа техника на тркач кој само по два круга се откажува, како што се докажа сега и после ретерирањето за барање на референдум.

Одтаму, ставот на пратеничката група е јасен, безусловна поддршка на активностите за заштита на правото за употреба на нашето Уставно име, Република Македонија. Но, против секаков обид за политички маркетинг и со ова прашање што само може да ја наруши изградената поволна позиција. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Макрадули.

Госпоѓо Лалчевска, за реплика, Китановски, Бонева, сите за реплика. Три минути реплика за пратеникот Лалчевска Ристана.

**Ристана Лалчевска:** Благодарам господине потпретседателе.

Колега Макрадули, во вашиот говор ме прозвавте и јас морам да ви реплицирам за некои работи.

Вие кажавте дека потпаролот на мојата партија изјавил дека ние си имаме име. А, дека моите ставови биле поинакви, односно ретерирале.

Не ретерирале моите ставови. Јас ќе ја поддржам декларацијата, затоа што декларацијата е токму во потврда дека ние си имаме име, став за кој што се залагаме сите години наназад и опстојуваме сите како политички субјекти. А, во функција и со потреба да испратиме сигнал и до меѓународните институции и некои меѓународни субјекти што сакаат да ни го оспорат таквиот став, а со тоа да ни го оспорат и нашето име.

Од тие причини, колега Макрадули јас ќе ја поддржам декларацијата и таа ќе потврди дека ние си имаме име. Значи, мојот став и она што го

искажал потпаролот на Партијата се соодветно идентични. А, зошто вие сте ги разбрале различно тоа е навистина ваш проблем.

Во вашиот говор рековте дека самата содржина на декларациајта е добра. Значи, таквото тврдење дека декларацијата е добра зборува дека кај вас само суетата ви е пречка да ја поддржите декларацијата, нормално ако се определите за негативно гласање, а јас лично сум уверена дека, колега Макрадули, не би требало да си дозволите да гласате негативно и да потврдите дека вашиот став е непроменет и дека во континуитет, како и јас и сите други се залагате да опстоиме пред Меѓународната заедница и пред оние субјекти од Меѓународната заедница кои сакаат да го рушат нашето име. Функцијата на оваа декларација и нејзината потреба е само во таков правец, а не во правец мене, вас и други пратеници да не убедува дали треба или не треба да се менува името на Република Македонија. Ми се чини тука сме идентични во ставовите и сите стоиме на ставот дека Република Македонија си има свое име. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Лалчевска.

Една минута контра реплика за пратеникот Макрадули Јани.

Повелете господине Макрадули.

**Јани Макрадули:** Најмалку е проблем суетата. Штетата со оваа декларација е многу голема.

Две работи. Значи, го цитирма господинот Иван Величковски, потпарол на ЛП "Иако по долго време сме во коалиција со ВМРО-ДПМНЕ, сметаме дека иницијативата е непотребна. Ние веќе си имаме име".

Второ, непроменливоста на ставовите на СДС се содржи во тоа дека нам не ни треба потврда како се викаме. Нам не ни треба нешто што го граделе генерации и генерации до сега да го направиме со еден лист хартија овде, дека ќе докажеме, пред кого? Пред Меѓународната заедница? Напротив. Како ќе се чувствува Меѓународната заедница, да речеме, во очите на САД кои не признале по Уставното име кога ќе им пратиме уште една декларација, ама вие не признавте, но чекај за посигурно, да ве провериме, дали тоа навистина сте го направиле.

**Слободан Јајдовски:** Благодарам господине Макрадули.

Три минути реплика за пратеникот Китановски Илија. Повелете господине Китановски.

**Илија Китановски:** Благодарам господине потпретседателе.

Сакам да реплицирам во неколку делови од излагањето на господинот Макрадули и на овој прв дел, со тоашто ќе се обидам да го цитирам. Ако јас добро го разбрав, рече дека оваа декларација ја покажува разликата меѓу СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ. Навистина би сакал да верувам или погрешно сум слуќнал или дека навистина не мислев така. Инаку, тешко на Република Македонија и на сите оние граѓани кои на овој или на оној начин се приврзаници на СДСМ ако ние имаме разлика во однос на оваа декларација во однос на нејзината содржина.

Генерално значи повторно од целата дискусија по четврти пат, повторно не слушнавме ни еден аргумент, зошто, навистина конкретно би било штетно донесувањето на оваа Декларација, односно кои ќе бидат штетите ако овој Парламент едногласно ја усвои. Напротив, ќе повторам, атмосферата која што веќе се создава со ваквиот начин на третман и дискусија околу оваа тема и евентуалното, не усвојување на дискусиите на некои пратеници од СДСМ, ЛДП и ВМРО - Народна е штетно и испраќа лош сигнал дека евентуално може да се врши дополнителен притисок врз Владата, во моменти кога и така постои силен меѓународен притисок, за побрзо завршување на преговорите околу името на Република Македонија.

И уште една мала конкретна забелешка околу тоа каков сигнал ќе испратиме ако со 65 или незнам колку гласови ќе ја усвоиме декларацијата, ќе испратиме сигнал дека едногласно, или акламативно сме ја усвоиле декларацијата, без разлика дали тоа ќе биде со 68, или 88 или 108 или 120 гласови за. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарамгосподине Китановски.

За реплика се јави госпоѓа Силвана Бонева.

Повелете госпоѓо Бонева.

**Силвана Бонева:** Почитуван колега Макрадули, кажавте дека декларацијата е маркетиншки и популистички ориентирана. Исто така кажавте дека декларацијата се прави заеднички со консензус на сите политички партии и дека ние требало да дојдеме да се договориме дека вие не сакате да избрзувате, можеби содржински ќе беше подобра декларацијата и тогаш дека можеше со акламација да биде поддржана.

Значи, тоа што сега зборувате дека нема да ја прифатите декларацијата, дека тоа е маркетиншки и популистички од страна на ВРМО ДПМНЕ и колегите пратеници кои што ја поддржаа оваа декларација, е само заради тоа што вие не учествувавте во процесот на правење на ваквата декларација. Навистина сте невиден демагок. Да ве потсетам само дека јас како координатор на пратеничката група на ВМРО ДПМНЕ до сите политички партии дадов нацрт декларација за поддршка на името на Република Македонија и чекав доста време и ве прашував каков е одговорот, дали имате забелешки токму тоа да ја обликуваме заеднички декларацијата, бидејќи целата на ВМРО ДПМНЕ не беше популицистички и маркетиншки да настапуваме, туку единствени како Собрание да излеземе и со акламација да ја усвоиме декларацијата со која што ќе кажеме, ќе испратиме јасна порака до меѓународната заедница дека Парламентот на

Република Македонија  тргнувајќи од ставот на сите граѓани на Република Македонија стои цврсто на позицијата дека не дозволуваме под никаков притисок да ни се менува уставното име на Република Македонија.

Значи тоа беше целта на поднесувањето на ваквата декларација, меѓутоа, од ваша страна не добивме никаков одговор. Не носиме никакви негативни поени со тоа што јасно ќе декларираме дека под никаков притисок нема да попуштиме.

Се согласувате дека Декларацијата е добра, но сепак не ја поддржувате. Мене ми личи тоа почитуван колега некој младоженец кога ќе го однесат пред матичар и кога ќе каже усмено да, се согласувам да се женам, меѓутоа, кога ќе му кажат дај потпиши се, тогаш ќе каже нема потреба, јас пред сите сватови кажав дека ќе се женам. Што е тогаш проблемот?

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Бонева.

Господине Макрадули една минута контра реплика, повелете.

**Јани Макрадули:** Тешко на Република Македонија, ако овие што претендираат да дојдат на власт во ликот и делото на Бонева дојдат на власт и ја водат Република Македонија. Тешко на граѓаните. Незнам на кој крај ќе излеземе и каде ќе не однесат.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Макрадули.

Продолжуваме со расправата.

Има збор пратеникот Апостолов Петар.

**Петар Апостолов:** Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници,

Покрај досега реченото од колегите кои пред мене учествуваат во дебатата по Предлог декларацијата за неменување на Уставното име на Република Македонија, јас би сакал да дадам свој допринос во врска со овој Предлог.

За декларацијата што ја донесе првиот Парламентарен состав, за која колегата Стојановски доста зборуваше и ја прочита и даде свој коментар, не би сакал да се задржувам на таа декларација. Ќе се задржам за сегашниот предлог декларација за неменување на уставното име.

За да ја разберам суштината на декларацијата, тргнав од тоа што сакаат да кажат предлагачите, кога наведуваат дека за потребата од донесување на декларацијата тргнуваат од одредбите на Уставот на Република Македонија, законите и соодветните меѓународни документи.

Понатаму, изразуваат длабока загриженост од недемократскиот однос на Владата на Република Грција, кон правото на Република Македонија да се именува според сопствената волја.

Понатаму, предлагачите се повикуваат на свесната морална оправданост на намерите на граѓаните на Република Македонија за опстојување во стремежите за зачувување на името на Република Македонија.

При ова, предлагачите се уверени во заедничката цел за истрајноста на патот за понатамошна афирмација и меѓународно етаблирање на единственото име на нашата држава.

И етимолошки и енциклопедиски и лексиконски, зборот декларација потекнува од латинскиот збор "декларацио" овој збор може да се јавува под разни форми како: изјава, објава, изложување царинско декларирање, поштанско декларирање, пријавување на прриходите и потекло на средствата со кои се остварени приходите.

Колку далекувид бил тој некогашен латински народ? Како уште тогаш можеле да знаат дека и кај нас, во нашиот Парламент ќе има такви кои нема да го пријават својот приход и имот, но, со обеќање дека истиот ќе го пријават кога тоа ќе смета дека е потребно. А тоа потребно е фактички купување на време.

Не случајно се задржувам не терминот декларација, затоа што според мене, предлагачите не прават голема разлика помеѓу референдум и декларација. За потсетување, првата замисла беше со референдум да се оди, но под притисок на јавноста, медиумите, се откажа од тоа и го предложи сегашното барање, односно Предлог декларацијата. Затоа, референдумот да се замени со декларација, за еден ист проблем, проблемот со името на Република Македонија, според мене, по најмала рака е несериозно.

И нашиот Устав во член 68 став 2 пишува дека Собранието на Република Македонија  донесува декларација, но причините за донесувањето не ги наведува.

Имајќи го предвид времето и останатите услови во врска со името на Република Македонија, дека тоа прашање се решава по принцип на договарање, дека ова име е јасно запишано во Уставот на Република Македонија, дека Република Македонија под ова Уставно име е признаена од преку стотина меѓународно признати држави членки на Организацијата на Обединетите нации. Мислам дека бројката е некаде околу 110. Последна што не призна под тоа име беше Република Полска.

Несериозни сме ако оваа декларација денес ја прифатиме, токму према овие 110 земји кои не признаа под уставното име Република Македонија, ние во нашата држава да се двоумиме дали нешто треба да потврдиме или не. ако е нешто сосема јасно, не треба потврдување. Тоа се знае.

Исто така, сведоци сме дека определени парламентарци бараат од своите Влади да ја признаат Република Македонија  под уставно име. Последно е барањето на британскиот парламентарец Џон Рендал, да се признае Република Македонија под уставното име односно неговата Влада за време на

претседателствувањето со Европската Унија, да се обиде да ја убеди Европската Унија да не признае под името Република Македонија.

Актуелната власт јанво, не само пред македонската јавност туку и пред целокупната меѓународна јавност, крајно транспарентно го објави својот став дека не може да се менува името Република Македонија.

Со овој предлог според мене, се нуди демагогија, се изразува лажно душегрижништво, предлагачот бара сватисвакција за својата политичка истрошеност.

Во случајот предлагачот сака да се прикаже како единствен и најголем имено љубец, давајќи си за право да го потсетува народот преку декларација за неменување на името на Република Македонија.

Народот не сака потсетување, не пати од амнезија, посебно по ова прашање.

Предлагачот заборавил дека наводно консензуално се декларирал за непроменување на името, а ваму се јавува со предлог за донесување на декларација по тоа прашање.

Предлагачот или предлагачите со своите постапки е конфузен контрадикторен и нејасен кој не води сметка дека со тоа фактички го навредува и својот народ. Имено од една страна се јавува како именољубец загрижен за непромената на Уставното име, а од друга страна со своите постапки и критизерски настапувања во јавноста, делува крајно деструктивно. Само ќе ви кажам еден пример, во врска со привлекување на странски инвестиционен капитал. Тој се закани со закана кон странските инвеститори дека тие кога ќе дојдат на власт, се разбира ако дојдат на власт, тоа ќе го каже народот, сите такви договори за инвестиции ќе ги поништат.

Заради таквото свое настапување, предлагачот мора да објасни каква цел има неговата наводно прикажана грижа за непромена на името. Дали предлагачот води сметка кога нешто се ништи, потребно е и име на уништениот.

Никој на опозицијата не го оспорува нејзиното право да критикува, укажува, но сето тоа мора да е коректно, а не критизерски. Секое друго постапување, практично е продавање демагогија, особено ако се смета дека народот е наивен и слепо верува.

Затоа, да не должам многу, на крај сметам дека предлагачот, декларацијата во најмала рака, треба да ја повлече, со тоа би сочувал дел од своето достоинство, а би го сочувал и достоинството на граѓаните на македонскиот народ.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Апостолов.

Господинот Крстевски има три минути реплика.

**Зоран Крстевски:** Благодарам господине потпретседателе,

Мислам дека самата временска димензија, што оваа декларација беше поднесена, пред месец и половина, колку што се сеќавам кога ние имавме овдека на гости еден од основачите на преговорите околу името, беше пред се во функција на политички давања и политички мандат на сегашната власт да истрае во општо прифатениот консензус за името.

Со оваа дискусија господинот Апостолов, како да се сомнева во нашите намери, односно намерите на предлагачот и мислам дека тоа не е добро. Мислам дека не е добро, не треба да се бара причина или повод за тоа, зашто или како е поднесена декларацијата, важно е дека нејзината содржина е во согласност со политичкиот став и граѓанскиот консензус,така да мислам дека многу рационално би постапиле, ако политичките партии, претставени преку пратениците го кажат својот став и поминеме на гласање без меѓусебно оптужување и навредување околу една сензибилна тема, како што е името. Иако е прашање на политички опортунитет, бидејќи овој состав на Парламентот е само во континуитет Парламент. Некои други состави донесува слични декларации, тогаш во обратна насока се упатуваат критиките. Секогаш беше власта таа која го покренуваше прашањето околу создавањето на компромиси во меѓународното признавање на Македонија, така да мислам дека сега се други, односно временската дистанца е друго, што нема потреба да си вадиме очи еден со друг, туку дајте рационално да постапиме и да видиме ако не е спорна содржината на декларацијата да ја изгласаме и да си одиме понатаму по патот по кој треба да одиме.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Крстевски.

Има збор пратеникот Чедомир Краљевски.

Повелете господине Краљевски.

**Чедомир Краљевски:** Благодарм потпртседателе, веднаш на почетокот ќе го потенцирам ставот на пратеничката група на ВМРО - Народна Партија.

Пратеничката група на ВМРО - Народна партија цврсто стои на ставот и никогаш немало дилема дека под никакви услови не смее да се менува уставното име на Република Македонија.

Мојата денешна дискусија по оваа точка од дневниот ред, не се однесува на прашањето дали треба да се поддржи предложената декларација за неменување на името, туку воглавно, се однесува на прашањето дали воопшто требаше да биде предложена декларација за неменување на името и да се стави како точка на дневен ред.

Моите размислувања тргнуваат од тоа дека сите процеси и феномени во нашето микро и макро опкружување се одвиваат, односно се иксплонираат според одредени природни законитости. Па така, сите закони на физиката, хемијата, математиката, односно природните

закони еднаш воспоставени од природата, важат за секогаш. Не е поразлично ниту со општествените феномени и закони. Од памти век ова парче земја на кое ние живееме и имаме организирано држава, била наречена Македонија, а луѓето што тука живеат Македонци.

Името Македонија е нешто што во текот на историјата на организираните општества прераснало во траен и фиксен феномен. Тој феномен со никаков формален и неформален акт не може да се смени. Името Македонија е основна и појдовна величина и вредност која е дел од структурата на политичките гени на луѓето што живеат во Република Македонија.

Едноставно, ова име е наша судбина и ако ние многу инсистираме на тоа дека сме Македонци, одговорот на другите би требало да биде, што да ви правиме, тоа ви е судбина. А од судбината не се бега.

Сметам дека е погрешен пристапот и методот на ваков начин да го афирмираме името на нашата држава. Нелогичноста и нецелисходноста оди до апсурд. Смешно звучи на пример ако Франција или Германија носат декларација дека Франција е Франција а Германија Германија. Хипотетички гледано, дури и ако некој формално успее да го смени името, тој суштински ништо не успеал, затоа што имто е фиксна и за секогаш дадена величина. Како што во математиката е ипсилон величината. На ваков начин само се актуелизира проблематизирањето на името што други го прават. Инаку и тие другите се свесни дека не можат да го сменат името бидејќи тој чин е неприроден. На ваков начин се прави лоша услуга на сопствениот народ и држава. Што ако некој злонамерник гласа против. Тогаш само се отежнува позицијата на преговарачите кои имаат задача пред нашите негатори да дефинираат нешто што во науката не се дефинира, туку е основна величина која служи за дефинирање на другите општествени феномени. Нецелисходно е и нема никаква потреба да се изјаснуваме дека непроменливото е променливо. Бидејќи на тој начин му се отвора можност некому, за истиот тој непроменлив феномен да го тврди спротивното. Но овој пат со сопствени и целисходни мотиви и причини.

Имам впечаток почитувани колеги дека се работи за личен популизам и обид некој да се промовира во поголем Македонец од нас останатите. Но, за да не бидам сватен погрешно, ако предлагачите не ја повлечат Декларацијата за името и дојде до гласање, јас ќе гласам позитивно.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Краљевски.

За реплика е пријавена госпоѓа Бонева.

Повелете три минути реплика.

**Силвана Бонева:** Почитуван колега Краљевски, тоа е вашето мислење дека е погрешен методот на ваков начин да се пристапува кон проблемот, вие како политичка партија ја имавте Нацрт декларацијата и можевте да дадете придонес како треба да изгледа и што да содржи внатре, меѓутоа, од ваша страна немаше соработка и добра волја да се каже што е тоа што не чини во декларацијата, па методот да го исправиме сите заедно и да биде онаков каков што е прифатлив и за вашата политичка партија.

Република Македонија во меѓународната комуникација се вика бивша Југословенска Република Македонија, а Република Франција, значи примерот што го дадовте, си е Република Франција и заради тоа нема потреба да носи декларација со која ќе му каже на светот да престанат со притисоците дека таа останува да се вика и понатаму Република Франција. Ние само тоа го бараме. Не ја носиме декларацијата заради нас, заради граѓаните на Република Македонија, туку заради сите притисоци што ги имаме од страна на Меѓународната заедница за промена на нашето уставно име.

Токму од тие причини бараме поддршка од сите политички партии за да може преговарачкиот тим да има подобри позиции. Јасно и гласно да им биде кажано на сите надвор од државата дека Република Македонија нема да го менува своето име. А, за да не се промовира никој во овој Парламанет како поголем или помал Македонец, мислам дека единствениот пат е сите заеднички, со акламација, да ја изгласаме оваа декларација. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Бонева.

Има збор пратеникот Михајло Георгиевски.

**Михајло Георгиевски:** Почитуван потпретседателе, почитувани дами и господа пратеници,

Денес на дневен ред имаме една пресериозна работа околу која треба да се изјаснуваме. Јас очекував уште на почетокот со акламација да се прифати декларацијата и повеќе да не расправаме. Но, кога веќе се отвори расправа, треба да учествуваме и да кажеме што со таа декларација ќе се донесе, а што не.

Прво и најважно дека името на една држава е света работа, како што рече Ѕинго, тоа е преголема и претешка работа околу неа да се ценкаме дали сакаме или не. Овде како што забележав од оваа говорница, во оваа сала, а и надвор од неа во цела Македонија нема човек кој сака да му се промени името. Ако е така, во прашање се некакви суети. Дајте браќа, пријатели, како сакате да се наречеме, да ги оставиме тие суети на страна, да си ја гледаме нашата историска улога, да си го гледаме нашиот интерес, а нашиот интерес во моментот е да го браниме и одбраниме на сите можни начини нашето уставно име. Декларацијата беше поднесена пред еденипол-два месеци кога грчките активисти претседатели и минситри беа растрчани по Европа и Америка како луди кучиња

со цел да го променат името, да наложат на светската јавност да се промени нашето име, образложувајки дека на тоа има историски права. Додуша и ние не молчевме, но премногу пасивно затоа што ние се браневме, а тие напаѓаа. Ние требаше со посилни средства, со посилни определби тоа да го направиме. Тогаш поради годишните одмори дури сега дојде декларацијата на дневен ред. Кога е веќе дојдена ние треба да оцениме што е позитивно, што е негативно ако ја донесеме и ако не ја донесеме.

Прво, да си кажам отворено, јас сум да се донесе декларацијата со акламација инаку во спротивно оној што ќе гласа поинаку ќе биде ставен на столбот на срамот и никогаш пред себе и своето семејство и пред својо тнарод не ќе може да се испере зашто гласал против декларација во која се бара зачувување на уставното име на Република Македонија.

Е, сега доаѓам до она суштинското. Што ако ја изгласаме и што ако не ја изгласаме? Видете, почитувани пратеници, ако ја изгласаме со тоа се засилува нашата позиција, со тоа кажувате пред светот и пред нашата домашна јавност дека ние не отстапуваме од идејата за промена на името. Или можеме да го истакнеме лозунгот "животот го даваме, името не го даваме", како што правеле во тие партизански времиња и т.н.

Значи, тоа е нашата определба и од неа нема отстапување. Со тоа пред народот, кај светската јавност даваме порака, луѓе, нема шега со име, името не се дава по никоја цена.

Сега, што ако не ја изгласаме? Даваме силна порака дека овој народ не е сложен, дека можеме да му наметнеме друго име, дека еве се караат меѓу себе, опозиција и власта и можеме да ги месиме како што сакаме. Како што велат дека е тесто кое може да се меси, така има некои доушници кои тврдат дека тоа е нација дека лесна за месење.

Видете, во овој историски момент да дадеме порака пред светот дека навистина овде нема здрава сила која јасно и гласно ќе каже име нема менување. Овој дом не е само законодавен, тој е јавен дом, тој е дом кој го следат сите центри, секој наш збор се мери. Ако не ја изгласаме, тогаш Атина и другите неприајтели ќе се радуваат ќе слават, ќе направат голема гозба затоа што е во нивен интерес.

Друго, ако не ја изгласаме ние кои ќе појдете во нашите средини ќе не плукаат, не мислете дека таму ќе не пречекаат со добредојде, фала ви што направивте за својата земја. Ќе не плукаат и на клоци ќе не избркаат, мислам на тие што не избраа оти не не избраа да не ја браниме државата, туку да се однесуваме така лешперно, легаторно, може-не може, сакаме не сакаме. Нема околу ова расправија, нема околу ова договор, ние треба едногласно, по мое мислење, со акламација да се изгласа декларацијата. Не навлегувам во тоа дали требало или не, таа е дојдена, сега не следат со отворени очи и уши, ни го следат секој збор и доколку не се донесе ќе се направи тоа и тоа. Огромна ќе биде штетата, а ползата може да биде ако дадеме сигнал дека не отстапуваме од нашата идеа, значи само можееме да добиеме, а не да изгубиме, но ќе изгубиме ако не ја донесеме.

Еве за сега толку, пријатели пратеници, уште еднаш размислете и длабоко во себе помислете како ќе ве пречекаат вашите гласачи кога ќе се појавите не затоа што ја отфрливме, туку поради наши суети. Тоа никој нема да го оправда. Не очекувајте да не пречекаат добро, тие не навлегуваат во тоа кој со кого се карал, кој каков интерес имал, вие му дадовте на Гркот и на другите одврзани раце да не напаѓаат, да си бараат во неутралните времиња, а и друго ќе биде навистина штета за овој интелектуален собир и состав да не го оцени моментот, да не оцени во каква ситуација се наоѓаме, па да ги надминеме сите суети, да ја прифатиме декларацијата со акламација и да завршиме околу тоа. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Георгиевски.

Има збор пратеникот Александар Флоровски.

**Александар Флоровски:** Почитувани пратеници, јас мислам дека и минатиот пат говорев на оваа тема при предлогот да се разговара со останатите пратенички групи од страна на ВМРО-ДПМНЕ очигледно не вроди со плод, не знам од кои причини, слушнавме разно разни мислења од членови на Парламентот, од нивните координатори, поточно од пратеници. Во тој контекст сакам да дадам едно сопствено видување колку ќе биде валидно, колку ќе држи вода, ќе одлучат граѓаните како аудиториум кој будно не следи или можеби воопшто не не следи. Но, тоа не е битно, битно е што ќе остане запишано во аналите на Собранието и кој бил мојот став по ова одредено прашање. Некој ќе му даде квалификација дека е многу битно, некој ќе го омаловажи, но сметам дека е битно да се разговара по ова прашање и тоа од повеќе причини.

Еве, пред мене е весникот од 3 и 4 септември, сабота и недела, случајно го земав од колешката, она што ми падна во очи беше дека Шекеринска ја повика опозицијата на соработка. Значи, се бара соработка од опозицијата од едноставна причина за подобро утре и на овој народ, пред се мислам на македонскиот и останатите граѓани кои живеат тука. Во краен случај за доброто на Република Македонија ова е домот каде треба да се кршат сите копја, каде сите недоразбирања треба заеднички да ги решаваме, а дали ќе ги решиме или не, тоа е знак на прашање, знак на политички став, одлука на политичка партија и т.н.

Но, ова не случајно го цитирав, ова нека биде повод за во иднина кога се работи за круцијални прашања од интерес за Република Македонија да

се седне и да се разговара без разлика дали сме во позиција или опозиција. Добро е да седнат позицијата и опозицијата и да разговараат за битни прашања од интерес на Република Македонија. Незнам зошто толку дрвја и камења се фрлаат по предлогот кој е даден денеска. Тоа не треба да биде табу тема и не гледам ништо лошо предложено од 9 пратеника избрани од народот, даваат сопствен предлог, ние разговараме за тој предлог кој е ставен на дневен ред и нема ништо страшно тука. Господинот Макрадули си даде сопствено видување можеби во име на пратеничката група или во сопствено име, не е битно, има право на тоа, но работата е што некои работи се дочекуваат многу жестоко и на нож. Зошто е потребно таква клима да се создава, имајќи во предвид дека и ние сме менлива категорија, менлива гарнитура дека утре ќе дојдат други кои ќе бидат можеби поумни од нас и ќе носат поквалитетни одлуки и за државата и за народот и за севкупното живеење во Република Македонија кое денеска не ни е баш сјајно имајќи во предвид она што ни се случува и на политички и на економски план, во кој немам намера да навлегувам, да не направам некоја дигресија, па да му текне на потпретседателот да ми каже еве си направил три дегресии, молим те седни. Затоа нема да говорам ниту за економската ниту за безбедносната состојба, ќе говорам за она што е точка на дневен ред.

Точката на дневен ред е - Предлог декларација за неменување на уставното име на Република Македонија. Случајно 1992 година, пред 13 години, сум бил учесник во еден таков чин, во еден историски период, во еден историски момент кога многу од овде беа малолетни, но тоа не е битно, судбината била таа која не доведе во една таква ситуација уки или неуки, направивме држава, беше уставотворно Собрание, со тоа се гордеам, колку сум придонел не е воопшто битно, но таква декларација донесовме во едно навистина историско време по донесувањето на Лисабонската декларација со акламација од сите пратенички групи, од сите политички партии собрани заеднички околу еден стожер, а стожерот се викаше Република Македонија.

Донесовме Декларација дека името претставува светост, уставна категорија во Уставот на Република Македонија.

Значи, тоа е една кратка ретроспектива на која сакав да ве потсетам во едни тешки времиња кога овде ровареа разно - разни служби и кога доаѓањето на одредени политички партии со национална провиниенција беше ставена под знак на прашање, но еве најдов и доблест и сила и храброст сите пратеници собрани донесовме она што требаше да се донесе.

Сакам да го кажам следното дека ниту тогаш, ниту сега не верувам дека кај нормален Македонец постои сомнеж во сопствениот национален идентитет и во идентитетот на Република Македонија, т.е. во нејзиното име. Говорам за Македонскиот народ, тука ќе ги изземам другите, не можам во нивно име да говорам, говорам во име на Македонците кои си ја љубат, кои си ја сакаат сопствената татковина и сопствениот народ и тоа е доблесно, тоа е добро и така треба да се воспитуваат идните македонски генерации задоени во еден патриотски, национален дух во име на опстојот на Република Македонија од денеска па во идните, да не претерам стотици, 200, 300, 500, па и илјада години, колку што ни е од Бога пишано.

Овде господинот Груевски изрази сомнеж во некои работи за кои јас немам валидни сознанија, можеби се така можеби не, дека одредени структури во Владата и пратеници, карикирам, сега колку е точно, го немам стенограмот, би можеле да влезат во некоја игра доколку дојде падни - стани околу името да подлегнат на притисоците на нашиот јужен сосед, поточно Република Грција. Колку е тоа точно, јас не можам да кажам, но сепак е кажано од уста на претседател на политичка партија јавно искажан збор, што не е мала работа, не реков дека некого посебно обвини, но кажа дека се сомнева и тој сомнеж може да го потврди и може да го поврене. Малку се служам со србизми, но што да правиме, таков е скопскиот речник, треба да го прочистиме.

Значи, господинот Груевски изрази сомнеж во одредени структури во државата и во Парламентот и во Владата дека, ако дојде држ - не дај, некој ќе потклекне, вака или онака. Може да е така, можеби не е така, претпоставувам дека господинот Груевски ќе стане и ќе каже, можеби не со име и презиме, но можеби постојат и такви индиции, јас немам такви сознанија. Доколку е така, доколку држат овие, еве да не ги наречам обвинувања, констатации, тогаш во владеачката гарнитува постојат одредени структури кои се подготвени за пазарење. Таква слична работа имавме во времето додека претседател беше господинот Глигоров, па низ весниците се шушкаше дека му се нуделе толку пари ако го прифати името централна балканска република, па северна Македонија, па горна и долна Волта и тн. и тн., такви работи провејуваа во јавноста. Ние овде се прашувавме како пратеници дали е можно да се случуваа вакви работи некој да му нуди на претседателот на државата пари и некој да е подготвен да се пазари околу името.

Доаѓа 1993 година каде ние во ООН под некакво си привремено име ФИРОМ кое требаше да биде од кратко траење, три до четири месеци, па од 1993 до 2005 година поминаа поминаа 12 години. Значи, некој бил премногу далекувид, премногу мудар и видовид дека ова ќе биде од краток период, немојте да се секирате, од оваа иста говорница, не беше истата, туку старата, не убедуваше дека она што го направивме е нешто историско. Точно дека е историско, влеговме во ООН, но под кое име? Јас се викав Александар, не можам да бидам Алил. Значи, влеговме под едно фалшиво име кое не служеше на дигнитетот

на овој народ, говорам за Македонскиот народ како носител на сето она што значи државничко во државата и творец на оваа држава, во краен случај. Тоа се факти кои никој не може да ми ги негира, иако некој денеска со новите историски читанки го негираат и тоа, за жал.

Се сум очекувал, но таква работа не сум очекувал да прочитам дека тие што биле на страна фашистите, не биле фашисти, туку биле ослободители. Мислам, небулози колку што сакате. Ова во контекст на сето она што го говорам.

Значи во 1999 година влеговме во ФИРОМ постигнавме во Обединетите Нации под името ФИРОМ, постигнавме големи успеси, стотина признавања, грото под уставното име, некој под привременото име, но комуникацијата си оди под името ФИРОМ. И тука неможеме ништо да направиме, затоа што господа имаме многу јак политички опонент во јужниот сосед кој се вика Република Грција. Незаборавајќи притоа на нивното лоби, незаборавајќи притоа на нивната поддршка, незаборавајќи притоа дека се членка на НАТО, на Европска Унија, на разни владини, невладини, тајни, полутајни организации и така натака и така натака, да не навлегувам во сверите на конспирација, некој ќе ми рече дека многу ја пратам таа тема и тука би прекинал. Значи, не влегувам во сферите на конспирација, дека некој правел заговор после околу Македонија, иако и таквите работи не се туѓи кога се работи за Република Македонија, за жал.

Прашањето е следно, господа, како денес работи Министерството за надворешни работи на Република Македонија. Точно е дека многу се патува, многу се лета, дали има фајде од целата таа работа.

**Зоран Томиќ:** Америка да ја прашаме.

**Александар Флоровски:** Америка ќе ја прашаме после кога ќе дојде некој нов партнер и да гледа попозитивно кон нас, кон опозицијата. Значи, стигнав до Америка, ставот на Русија е познат, благонаклонет кон нас, иако ние гледаме да ескивираме и секогаш спасот го бараме на запад, но можеби работите нема да бидат такви и ќе се вратам на работата на МНР. Значи госпоѓа Митрева лета безпрекорно, секојдневно, а резултатите се според мене не рамни на нула, но вака една позитивна единица, еден плус, еден на два или два на еден, но основата нека биде еден на два. Ќе се навратам на она што во контекст на Министерството за надворешни работи и неговото работење, а ќе се навратам и на она што господинот Макрадули спомна околу ставот и статусот на господинот Петровски, кој на времето бевме во иста пратеничка група. Значи делењето на наши и ваши амбасадори говори за страшна поделеност меѓу политичките партии. Филип Петровски не бил амбасадор на ВМРО-ДПМНЕ во Вашингтон, туку бил амбасадор на Република Македонија во Вашингтон.

**Слободан Најдовски:** Господине Флоровски, извинете за момент. Ќе ве молам оние пратеници кои сакаат да слушаат, нека слушаат без уфрлување.

**Александар Флоровски:** Е, господине потпретседателе, да ви кажам нешто, многу касно ви текна дека некои си прават муабети цело време а вие толерирате и јас упорно зборувам. Цело време чекам да реагирате, а што мислите дека јас не ги пратам сите збиднувања овде и дека јас слепо го гледам текстот. Па, ништо нема во текстот, сосема друга работа ви говорам, ова е обичен потсетник.

**Слободан Најдовски:** Господине Флоровски, јас и пред ова во текот на вашата дискусија ги опоменав.

**Александар Флоровски:** Ако не можете да ги смирите, викнете го обезбедувањето, исфрлете ги надвор, дајте им по едно кафе и дајте да се сослушаме, што да ви кажам друго. Не ќе бидам јас редар во ова Собрание или вие. Вие сте втор меѓу еднаквите.

Значи, говорев делењето на наши и ваши амбасадори говори за една страшна работа, поделеност меѓу позиција и опозиција, наместо да се обединеме како политички структури и надвор да се презентираме во вистинско светло и да работиме за доброто на Република Македонија, како што говори и вашата потпретседателка на Влада госпоѓата Шеќеринска. Значи, ние имаме идентични ставови околу соработката, што е добро, но очигледно дека денешната позиција од оваа позиција не сака да соработува. Која е причината не би можел да кажам, но во една друга ситуација, во едно идно време, за еден многу краток временски период, ќе имате една сосема обратна ситуација. Тоа можам да ви го тврдам најодговорно, но тоа е судбинска работа, еднаш си горе, еднаш си долу, животот е тркало и не е ништо страшно да си во опозиција, многу полесно ќе можеш да ги тепаш тие што се во позиција. Значи, доаѓаме до прашањето што е постаро јајцето или кокошката и ќе го прескокнам тој дел, нема да ви говорам, не сум орнитолог, човек кој се бави со наука за птиците, ќе говорам за влезот во Европа. Можам да го кажам следното, се е во контекст на зачувување на светото име Република Македонија. Да ви кажам отворено и искрено, преку глава ми е дојдено од мафтосување, од секојдневни изјави по разно разни медиуми, пишани и електронски дека готово Република Македонија влезе во Европа, само е прашање на време. Тоа како да е трка на 110 метри со препони, па еве го последниот препон го прескокнуваме, ја кинеме лентата и влегуваме во Европа. А, што мислите дека Република Грција ќе дозволи таква трка на 110 метри со препони без притоа судијата да е нивен? Па, нема таква работа, господа, не постои таква работа мора да признаеме дека и политички и економски и секако се појаки од нас и диктираат темпо. Мора да се најде друг приод, друг начин на делување. Но, ние

овие 15 години, колку што направивме, направивме. Некој ќе рече многу направивме, некој ќе рече ништо не сме направиле, јас ќе застанам некаде тука на почетокот, нешто сме мрднале. Направивме некоја си држава, минатиот пат реков дека изиграваме држава, дека сме квази држава во некои сфери. Еве, не сакам да го повторам тоа, бидејќи се работи за мојата матична држава Република Македонија и како македонец не сакам да плукнам врз сопствената држава и некој утре да ме обвинува дека ти Флоровски си антидрвжвен елемент во сопствената си матична држава Република Македонија. Ниту сум антидржавен елемент, туку сум искрено загрижен граѓанин на Република Македонија што ќе биде со оваа државичка од 25 или 26 илјади квадратни километри, затоа што гледам дека работиве не се движат во еден добар правец. И, тоа не е констатација само на Флоровски, тоа е констатација на многу видни личности, членови на академии, научници, професори и тн. да не ви ги редам со име и презиме за да не се случи утре некој од нив да демантира, а веќе го кажал тоа од едноставна причина, се случува позицијата ако ја има. Ќе кажат дека Флоровски погрешно интерпретирал, јас не кажав вака, кажав вака. Значи постои една работа која мора да ја обзнаеме сите ние, а тоа е следното. Дека секој оној кој ќе проба во Македонија да се пазари со името на Република Македонија, дека ќе биде политички мртовец. Тоа е факт во кој не само јас, сите ние сме убедени, не постои таков човек во државата кој може да се пазари со името. Јас верувам дека не постои ни таков будала кој седнал исто така да се пазари со името.

Но има уште една работа, која исто така е страшна. Дека и во Грција не постои човек кој ќе направи отстапки за името Република Македонија и затоа одиме на решението двојната формула одомаќинета и со оваа Влада и со претходната, значи Република Македонија со сите освен со Република Грција, а со нив ќе се договараме. Дали ќе не викаат Северна Македонија, Република Македонија - Скопје, имавме еден таков предлог 1993, 1994 година, не го прифативме, жестоко го атакувавме, така ли е господине Петковски, вие живо се сеќавате на тие работи. Останавме цврсто решени дека оваа државва се вика Република Македонија.

Сакам да кажам, па да, па ние сме жива историја во овој Парламент сега, што сте немале среќа да бидете тука, тоа е ваш пропуст. Не сте се активирале на време, не ве избрал народот, што да ви кажам. Или се плашевте да се активирате. Некој имал и срце, и желба и волја и чувство кон оваа држава, овој народ да влезе во една битка, со една или две непознати...

**Слободан Најдовски:**Господине Флоровски, момент,

Господине Томиќ имате нешто да кажете? Пријавете се ако имате да кажете.

**Александар Флоровски:** Господинот Томиќ е добар, инспиративен е, кога говори ме потсетува на некои работи што се заборавaат, ако човек не ги запише.

И добро е нека продолжи воопшто не му се лутам.

Значи кажав дека, не треба да се има сомнеж во определбата на македонскиот народ околу сопственото уставно име, а тоа е Република Македонија.

Е, сега се поставува прашањето. Дали е времеда се прифати оваа работа или не е време. Дали било време да се постави или не било време да се постави. Но рековме потпишани се 9 пратеника и апсолутно право на тие пратеници е да го постават прашањето. Јас само следното ќе го кажам. За да не влезе во аналите на ова Собрание, преку стенограмите, дека Флоровски гласал против ова Декларација, иако 1992 година веќе гласав еднаш, јас повторно ќе ја поддржам. Од едноставна причина. Затоа што стои Декларација за неменување на уставното име на Република Македонија. Не сакам таму да стои во стенограмите дека Флоровски бил против ова решение. Иако во некои работи се сложувам, во некој не, но сакам да стои дека стојам зад ставот дека оваа држава се вика Република Македонија и ако уставно е така, иако имаме и декларација 1992, иако сите политички субјекти во Македонија,стојат дека името е неменливо, иако да ги прашате и граѓаните на референдум 99,9 или 100% ќе се изјаснат дека сите се за името Република Македонија, можеби, нели, одреден процент и не мисли како мене, но огормното мнозинство на политичките партии, политичките субјекти и огромното мнозинство од граѓаните на Република Македонија нема да отстапат од името Република Македонија. Значи тоа е пораката до предлагачите, во тоа да се нема сомнеж, а мојата поддршка, кажав јас, од една единствена причина во стенограмите или во листингот не сакам да стои дека Флоровски гласал против декларација поднесена за неменување на името Република Македонија. Тоа е единствената причина. Времето дали е добро одбрано, дали е добро срочен текстот или не е срочен текстот, името е многу битно и стојам зад ова што го пишува.

И, тука госпдине потпретседателе, ќе завршам, затоа што очекувавте повеќе да говорат, имам многу да говорам, но мислам дека доволно беа 30-тина минути да оставам простор за некој друг. Кога се работи за името е Република Македонија, кога се работи за дигнитетот на оваа држава, кога се работи воопшто за оваа држава и во најтешките моменти Флоровски како припадник на национална партија, Флоровски како националист можам да кажам, секогаш ќе стои зад браникот колку што може и умее на оваа држава.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Господине Макрадули, реплика. Три минути реплика, пратеникот Јани Макрадули.

Повелете господине Макрадули.

**Јани Макрадули:** Во интерес на времето не сакав да реплицирам, но бев изваден во дел од излагањето од контекст и морам да кажам нешто. Господинот Флоровски рече дека со она што сум го кажал ги делам или СДС ги дели амбасадорите на наши и ваши. Напротив, реков дека дел од декларацијата беше јавно кажано на прес конференција, беше потпомогната и поддржана од господинот Филип Петровски, кој што мисли дека станал експерт по меѓународно право и по грешка некој го пратил конзул во Њујорк. Исто како што тој што ги поправал парната во Телеком мисли дека е строчен за телекомуникации. И, тоа е проблемот на ВМРО-ДПМНЕ, ама не го спорам јас тоа. Кажав дека некој што по случаен пат бил конзул во Њујорк не значи дека станал експерт за меѓународна политика и можеби затоа има грешки во оваа декларација, која што однапред беше кажано дека е дел помогната или сугестија од негова страна. Дека СДС за разлика од другите партии амбасадорите не ги дели на ваши и наши е доказ дека својот мандат го заврши амбасадорот во Германија и амбасадорот во Бугарија, а дека сосема коректно апсолутно во ист став и продуктивно работи амбасадорот во САД. Затоа, да не се обидуваме да фрлиме некоја сенка за нешто што апсолутно не сум го кажал, ниту СДС стои зад такво нешто.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Макрадули.

Една минута контра реплика пратеникот Флоровски Александар.

Повелете господине Флоровски.

**Александар Флоровски:** Терминиве се многу лоши, реплики, контра реплики, ова нека биде одговор. Јас воопшто декларацијата не ја анализирав, можеби испуштив кога реков наши и ваши и јас така го сватив вашето излагање. Всушност, поентата ми беше она што и претходно го кажав, кога се работи за битни прашања од државен интерес да не ги делиме на наши и ваши. Е, сега, ќе ми кажете дека останале некои амбасадори од типот на Горан Рафајловски и некои други, но не е и тоа битно. Па, ако одиме по таа логика и господинот Нано Ружин ние го испративме и не гледавме наши и ваши. Мислевме дека човекот е квалитетен, па го испративме и што има лошо во тоа. Значи, тука сме пата, пата и тоа беше моето мислење, не нешто друго.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Флоровски.

Има збор пратеникот Поповска Лилјана.

Повелете госпоѓо Поповска.

**Лилјана Поповска:** Почитуван господине потпретседателе, почитувани колеги пратеници,

На собраниската седница повторно имаме една несреќна ситуација кога расправаме за едно извонредно важно државно прашање, меѓутоа без претходно постигнат консензус. Морам да кажам дека вакви ситуации сме имале повеќе пати во Собранието, понекогаш такви предлози ги предлагала Владата, понекогаш колеги пратеници. Меѓутоа и во едниот и во другиот случај резултат биле долги и непродуктивни седници и секогаш со одредена штета токму за државата.

Јас мислам дека го разбирам мотивот на предлагачите на колегите од ВМРО-ДПМНЕ што ја предложиле оваа декларација. Целта им била да ја закајнат позицијата на Република Македонија во разговорите што ги води околу разликите со името. Но, го разбирам и ставот на колегите од владеачките партии и други кои сметаат дека една ваква седница не е потребна и дека една ваква декларација не е потребна во Собранието, затоа што го отвора ова прашање на начин со кој што евентуално би можело да се проблематизира или така да се свати, што би можело можеби да има и негативни последици за земјата. Лично јас сум поблиску до овој втор став. Меѓутоа, како и да е ние имаме една конкретна ситуација. Ние имаме декларација со прашање и по него треба да се произнесеме. Сметам дека негативен или воздржан одговор на едно вакво прашање би бил уште поштетен отколку гласање за. Како излезни решенија гледам две.

Едното е предлогот предлагачите да ја повлечат Декларацијата заради постигнување концензус со другите колеги околу формата и содржината. Од некои колеги беше сугерирано дека порадо би гласале и секако би гласале доколку би се работело за резолуција. Други колеги спомнаа дека поинаку би се произнеле кога содржината би била поинаква, така што мислам заради постигнување концензус за вакво важно прашање вреди трудот да се обидат колегите да постигнат концензус.

Второто можно решение го гледам во тоа што колегите или претставниците на партии кои што се произнесоа дека не би сакале да ја поддржат Декларацијата да размислат околу тој став и сепак да гласаат за токму заради деликатноста и специфичноста на прашањето.

Но, тоа се моите размислувања и моите предлози. Значи, да се најде некаков компромис во интерес на она што се залагаме и за што немам дилема дека сите сме на исто мислење за неменување на името на Република Македонија и за доброто на земјата и на нејзините граѓани.

Значи, доколку Декларацијата сепак остане во ваква форма со ваква содржина и остане да се гласа за неа, јас ќе гласам за, затоа што лично сметам дека би било непристојно за едно вакво прашање да гласам поинаку.

Конечно, носењето на една ваква декларација можеби не беше неопходно, меѓутоа отфрлањето на една ваква декларација сигурно би било штетно. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Поповска.

Има збор пратеникот Жарко Караџоски.

Повелете господине Жарко Караџоски.

**Жарко Караџоски:** Благодарам почитувани колеги.

Значи, еве скоро цел ден дискутираме по однос на Предлогот на декларацијата за неменување на уставното име на Република Македонија поднесено од пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ.

Најнапред би сакал да кажам дека навистина е жално, можеби и трагично што во Република Македонија и после 15 години од осамостојувањето зборуваме за името на Република Македонија, зборуваме за тоа дали некој ни наметнува потреба од менување на име, зборуваме од потреба за неменување на име, да го заштитиме со декларација или со незнам каков документ во Собранието на Република Македонија.

Мора да укажам, а тоа на сите ви е јасно дека ваков преседан не постои никаде во светот, а не една суверена држава после 15 години да и се наметнува прашањето како таа треба да се вика иако согласно Уставот, согласно со волјата на народот и она што значи историја оваа држава си гима свое име кое било со години идентификација на народот кој што овде живее.Но тоа е така за жал и ние бидејќи како суверена Република Македонија согласно Уставот од 1991 година, имавме потреба да носиме Устав, имавме потреба и под разни меѓународни притисоци да потпаднеме под одредени влијанија каде што, на сите вас ви е познато, Република Македонија иако се осамостои, иако донесе свој Устав во кој што е јасно декларирано дека нејзиното име е Република Македонија, ние мораше во Обединетите Нации да влеземе под привремено име кое за жал остана до ден денес. Оттука се сите оние потреби и оттука се сите оние шпекулации кои што до ден денеска ги слушаме кога име на една држава како привремено се определува такво какво што е, а 15 години опстојува, дури и таа држава каде што носиме една придавка, еден дел од името "бивша југословенска", дури и таа не постои, а ние сеуште го имаме тоа име јасно е дека во една ваква дипломатска битка постои притисок и јасно е дека Република Македонија до ден денеска тоа прашње го нема затворено.

Кога во светската политика, надворешната политика би имало некакви стандарди, би имало некакви правила и кога можеби би било некаков сличен пример можеби би било полесно. Од друга страна пак кога би имало аргументи ама согласно меѓународното право, согласно меѓународните обичаи ваков проблем да се наметнува тогаш навистина би било полесно да се дискутира и сигурно дека би немало потреба ние денеска овде да дискутираме. Но, за жал, не е таква ситуацијата, Република Македонија е држава мала можеби територијална или по број на жители, но сепак е дел од Европа и во сите овие турбуленции откако сме суверени се проблем по проблем се наметнува, па меѓу другото и името.

Оттука се поставува прашањето дали Собранието на Република Македонија денеска има воопшто потреба да расправа по една ваква Предлог-декларација. Тоа е едното прашање.

Второто прашање би било што со усвојувањето на една ваква декларација би постигнале. Имав прилика да слушнам скоро од сите колеги што овде дискутираа дека моментот не е одбран вистински, потребата од донесувањето односно предлагањето на една ваква Предлог-декларација го отвара и другото прашање, за кое што овде спомнав и за кое што во уводното излагање зборував. Значи потребата од актуелизирање на едно прашање кое на сите нас ни е јасно дека е актуелно и дека не е затворено може да наметне еден сосема друг одговор од некоја друга страна. Можеби некој таму надвор од Република Македонија во Меѓународната заедница, во соседните држави оваа дебата и оваа декларација ќе ја сфати многу поинаку во правец на тоа еве можеби со тоа фактот што Собранието на Република Македонија и покрај тоа што има донесено Устав во кој Устав јасно е дефинирано името на Република Македонија, и покрај тоа што во 1992 година донесе, не велам слична, туку многу подобра Декларација со која што не само што го штити сопственото име туку во таа Декларација се бара од сите земји членки и на Европската унија и на Светската заедница да не признаат под тоа име. Следствено на таа Декларација и следствено на тој Устав тој циклус на признавање на Република Македонија под уставното име продолжи, почна тогаш, продолжи до ден денес и од ден во ден ние сме сведоци како уставното име на Република Македонија е прифатливо од се поголем број на држави во светот. Меѓу другото почитувани колеги да ве потсетам дека најновото признавање за кое што бевме сведоци сите и за кое што најмногу не успеа референдумот кој што беше организиран единствен после референдумот за самостојност кога САД не признаа под уставното име. Тоа беше причина референдумот тотално да не успее. Значи, еден циклус е почнат, тој трае и продолжува и затоа се поставува сега прашањето, јас лично и логички го поставувам прашањето зошто ни е сега потребна една ваква декларација. Каде ние како пратеници, поточно каде вие како иницијатори на една ваква проблематика ја гледате опасноста дека е сега моментот да го отвориме ова прашање и дека е сега моментот со една декларација со која што сигурно ги зацврстуваме позициите и овде во Собранието, но од каде моментот зошто е потребно сега да го избереме тоа. Дали постои некаде став и кај кого е тој страв? Нас ни е јасно на сите дека ние не можеме да бараме од соседните држави, особено не од Република

Грција да не прифати вака или онака, тоа си е нејзино право. Значи, не можеме да бараме од неа со сила, да го наметнеме нашето уставно име, но ние сме свесни дека тој проблем се решава со разговори, тој проблем се решава со Спогодба која е потпишана тогаш кога е потпишана и до ден денеска трае. Република Македонија во сите овие 15 години има свој преговарачки тим кој што преговара, разговара во однос на името и до ден денес тоа не е завршено.

Значи, официјален став на Република Македонија по однос на името би било дали токму во тој преговарачки тим кој што директно одговара на Владата се чувствува некоја опасност дека во онаа фаза на преговори и разговори дошло до нешто кое може да претставува опасност дека би се прифатила некоја формулација која што нема да го содржи уставното име.

Јас колку што сум информиран, а се надевам и вие и онолку колку што е информирана јавноста во Република Македонија до ден денеска преговарачкиот тим на Република Македонија кој што ги води преговорите во рамките и покровителство на Обединетите Нации нема отстапено ниту милиметар од она што значи Уставот на Република Македонија, од она што значи јасна позиција дека нема место за разговори и преговори за било каква промена на уставнто име.

Сте се прашале ли почитувани колеги зошто 15 години почнувајќи од Европската унија па сега во Обединетите Нации се преговара и разговара за името на Република Македонија. Заради тврдиот и цврстиот став на Република Македонија и на сите нејзини институции, поточно Владата и се она што значи Собрание, па и преговарачкиот тим кој што е директно назначен од Владата и од нас како Собрание, токму заради таквата позиција тоа ниту милиметар не отстапува. Тоа е јасен показател и затоа што ние не отстапуваме, а некој таму не сака да го прифати ние до ден денеска преговараме, се договараме и разговараме и состојбата стои таква каква што стои. Јас сум убеден почитувани колеги кога ќе дојде денот кога и Република Грција ќе мора да прифати дека со сила не може да наметне на никого ништо особено не некого да го прекрсти да се вика не знам како освен онака како што тој сам сака да се вика.

Од тие причини овој процес трае толку долго. Овој временски период покажува за наша среќа дека е се поголем бројот на држави во светот кои што го разбираат и сфаќаат проблемот на Република Македонија и се поголем е бројот на оние кои што се присталици да лобираат за нас односно за наша поддршка. Сите вие сте сведоци дека токму оваа година, можеби ланската година веќе и во Европарламентот се отвори прашањето за признавање на Република Македонија под уставното име. Се сеќавате дека два пати, или три пати се гласаше, независно кој тој проблем го иницира. Едниот пат поминавме со помалку гласови, вториот пат тој број на гласови се зголемува во самиот Европарламент, но факт е дека проблемот се отвора и како што е тргнато јас искрено очекувам дека ќе дојде денот, можеби многу брзо, можеби после прифаќањето на прашалникот кој што е поднесен од Република Македонија дека многу брзо Република Македонија ќе го реши тој проблем и тоа онака како што сите сме се договориле и онака како што сме го трасирале патот од почеток.

Оттука отворањето на ова прашање сега, во овој момент откако според мене почнаа да дуваат позитивни ветрови за Република Македонија го наметнува прашањето зошто токму сега? Зошто сето ова и дали не е ова штетен потез за да на некого отвориме шанса да го гледа проблемот поинаку.

Или, нашиот сосед кој што не принуди едно време и да го смениме знамето на Република Макдонија да го почувствува ова како колебање во званичните органи на Република Македонија па да мора Собранието да донесе декларација со која би го запрел таквото колебање.

Овде од почитуваниот господин Груевски слушнавме дека постоеле колебање кај некои личности. Значи, ако навистина постои такво колебање добро е да се каже, да ги знаеме кои се тие личности, на кои личности се мисли. Дали е тоа во Владата, дали е тоа во преговарачкиот тим, дали можеби одредени политички субјекти во Република Македонија затоа што ако нешто има навистина и ние и јавноста треба да знае. Ако пак такви личности седат во институциите на власта треба да ги отстраниме или јасно да им кажеме дека не е нивното место тие со нивното колебање да ја водат оваа политика, затоа што и Владата и Собранието на Република Македонија, и сите званични институции во оваа држава имаат јасна позиција кога станува збор за името на Република Македонија.

Многу е тешко да се каже дека кај некого постои сомнение а да не се посочи, да биде тоа на пример мое субјективно мислење. Или да се каже дека дури и кај некои пратеници постои сомневање, јас од дискусиите на пратениците не видов дека некој се сомнева дека името на Република Македонија треба да биде Република Македонија. Сомнеж кај пратениците постои во тоа дали оваа декларација е во вистински момент, дали има потреба од нејзино донесување, а воопшто не содржината и позицијата на самата декларација.

Од тие причини и пратеничката група на ВМРО-Народна партија искажа одредена резерва во смисла на тоа дека потезот на поднесувањето на оваа декларација не води кон концензус. Доколку се сакаше концензус тоа можеше да се направи на многу подруг начин, да се исконсултираат сите пратенички групи, овој предлог да доаѓаше од сите заеднички. Можеби содржината ќе беше друга, можеби многу подобра ако се оди во консензус така се прави. Вака кога се

провоцираме на некој начин како да го заземеме ставот поднесен од една пратеничка група нормално дека ќе има и вакви дискусии. Ќе се кажат и видувањата, но и резервите поради кои што сметаме дека можеби моментот не е вистински определен.

Инаку, да нема заблуда со оглед дека прашањето е доста сериозно, за да некој не не сфати погрешно пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ ќе гласа за оваа декларација од причина што гласањето било како поинаку може да се сфати дека некој е против или неменување на името на Република Македонија, иако мора да потенцирам дека и моментот и начинот на кој што е отворена оваа работа отвара дилеми. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Караџоски.

Сигурно е лапсус, затоа што рековте пратеничката група ВМРО-ДПМНЕ, тие се подносители. Најверојатно мислевте ВМРО-Народна.

Госпоѓа Бонева барате ли збор за реплика? (Да).

Пред да дадам збор на госпоѓа Бонева и на господинот Рамадани колеги сакам да ве замолам, за да можеме да го испланираме времето за работа дали покрај пријавените има уште некој што смета дека има потреба да се јави за дискусија за да можеме да го испланираме текот на денешната седница.

Значи само госпоѓа Бонева бара збор за реплика и последен дискутант е господинот Исмет Рамадани.

Повелете госпоѓа Бонева три минути.

**Силвана Бонева:** Сосема накратко да го потсетам колегата, а исто така и сите претставници од другите пратенички групи дека ВМРО-ДПМНЕ сакаше да постигне консензус со сите политички партии и токму од тие причини Предлог-текстот на декларацијата беше даден месец дена порано од денот кога ја дадовме декларацијата во Собранието на Република Македонија. Чекавме од сите политички партии да кажат свои забелешки, да дадат свои предлози, се со една единствена цел кога ќе ја дадеме декларацијата да биде од името на сите со усогласен текст, да го немаме она што се случува денес на седницата. Но, немаше политичка волја ниту од една политичка партија да каже што е тоа што не е добро во декларацијата или на кој начин да се промени текстот. Токму заради тоа декларацијата е во форма онаква каква што беше дадена уште еден месец пред да се даде во Собранието на Република Македонија на сите политички партии.

Понатаму, беше поставено прашањето што ќе постигнеме со усвојување на декларацијата. Цел ден повторуваме и мислам дека повторно ќе треба да кажеме дека со тоа ќе пратиме една силна политичка порака дека нема колебање во врска со прашањето за името, а зошто токму сега ни е потребна ваква декларација, како што кажа колегата мислам дека многу му е јасно и на него и на сите дека тоа е заради тоа што се интензивира притисокот врз Република Македонија за промена на уставното име, па ни се предлага уставното име на Република Македонија да биде со двојна формула, па да си бираат државите едно од имињата кое што сметаат дека е добро и тие да го употребуваат во меѓународните комуникации. Значи, токму од тие прочини што се интензивира притисокот врз Република Македонија за промена на уствното име беше поднесена оваа декларација.

Кажавте колега дека тој проблем се решава со преговори и разговори. Токму една ваква декларација ќе придонесе на преговарачкиот тим овие преговори и разговори да имаат подобра, посилна позиција бидејќи сите политички партии ќе декларираат дека нема промена на уставното име на Република Македонија под никаков притисок од страна на Меѓународната заедница. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Има збор пратеникот Исмет Рамадани.

**Исмет Рамадани:** Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници.

Можеби ќе беШе добро да има и еден претставник од Владата, МНР, меѓутоа веќе се научивме на оваа проблематика.

Јас се јавувам прво како претставник на ПДП, истовремено сакам да кажам тука и јавно дека и ние сме заинтересирани и секкогаш сме биле заинтересирани и секогаш сме биле заинтересирани што се однесува на уставното име на Република Македонија и често пати како политичка партија сме давале свои забелешки и сме веleле дека албанскиот субјект во Република Македонија преку политичките партии и своите претставници да се вклучат колку што е можно повеќе кога се говори за Уставното име на Република Македонија. Тоа значи дека и денес не сакаме да бидеме индеферентни и да останеме настрана во правец на тоа што значи зачувување, определување за Уставното име на Република Македонија.

Оваа декларација што ја предлагам еден дел од парламентарната група на ВМРО-ДПМНЕ, тука сега има и други потписници на оваа декларација бидејќи е декларација која според определбата е малку повеќе како резолуција а многу помалку како референдум, ние како полкитичка партија, односно како претставници на ПДП се разбира дека ќе ја подржиме , со самиот факт што секогаш треба да бидеме флексибилни и ние како пратеници ако не користиме некој супер дипломатски јазик, да ккористиме јазик кој што ја дава, ја претсвува политичката порака на парламентарците, како избраници на граѓаните односно на Македонскиот народ.

Меѓутоа, во ова наше јавување и во текстот на декларацијата, исто така сугерирам како пратеник се разбира често пати неможам да кажам со

искуство и со многу парламентарни средби затоа што има евоулирање и во тоа што значи раководството на Грција, или последната Влада на Република Грција. Ние кога даваме проценти до некаде треба да ја процениме позитивно и политичката смелост на премиерот Караманлис кога излегува со предлог кој не ги задоволува интересите на Република Македонија. Меѓутоа, покрај тоа е политичка смелост затоа што во време и разни фази има излечено и лечи фрустации на екстремистите во Грција, што се однесува до името на Република Македонија.

Исто така треба да го имаме предвид и фактот од искуството, имало моменти во нашите формални и неформални преставувања преку разни делегации доколку ги споредиме 90-тите и овие години по 2000-тата и во комуницирањето со флексибилност за разговарање околу името на Република Македонија, верувајте и треба да верувате дека има виден напредок кај однесувањето на претставниците на Република Грција, посебно кај пратениците во Парламентот на Грција. Можеби ќе направам дигресија, меѓутоа само ќе ги кажам во 1994 и 1995 година една делегација што тогаш ја водеше господинот Тито Петковски и неколку други пратеници во Мадрид, само кога сме побарале да се сретнеме на една маса, на пауза, да испиеме едно кафе со колегите пратеници од Грција тие рекле не, не и само не. Од тогаш до сега сите овие средби се многу флексибилни , може да се разговара дури тие можеби јавно пред својата јавност немаат смелост да излезат со појасни ставови околу Уставното име, меѓутоа во приватни разговори дури честопати велат дека имате право, дури ни дале нас за право. Што сакам да кажам со ова? Имаме пример со еден колега, мислам дека пратеникот се вика Курт Балтас. Кога во една прилика му реков дека во Грција ќе влеземе со брзина од 120 км. на час и без визи и кога ќе бидеме заедно во ЕУ, тогаш му се виде тоа многу интересно.

По многу години на една средба од далеку рашири рацете и рече се ближи времето, господине Рамадани кога ќе се оствари тоа Што го рече. Со ова сакам да порачам дека во нашите редови никогаш, ниеден момент да нема фрустрации околу тоа Уставно име што значи, бидејќи до колку знаеме добро да се држиме во дипломатијата, добро да лобираме и да разговараме добро и флексибилно. И со оваа декларација не треба да оставиме впечаток , ова го подвлекувам не треба да оставиме впечаток дека ние велиме да не продолжат разговорите во ОН. Ние велиме МНР да не продолжи со разговорите и претседателот на државата на овие средби, туку треба да дадеме само политичка порака дека ова е определба на сите парламентарни групи, определба на пратениците, значи и определба на народот на Република Македонија, без оглед на нивниот национален и верски идентитет.

До колку вака продолжиме, тогаш ние сме сигурни дека времето работи за нас доколку водиме мудра политика, не нервозна, затоа што имаме реална шанса, сите ние знаеме дека трите држави кои се членки на постојаниот Совет за безбедност, Република Македонија ја признале со Уставно име. Тука се САД, Русија и Кина, што значи Велика Британија веќе е во фаза на дискусии и подготовки за признавање на Устав ното има не Република Македонија така што со Франција, се разбира треба да се работи на ЕУ и доколку ова се постигне со една мудра политика и со декларации кои го определуваат нашито став, тогаш верувајте дека треба сите да работиме. На пример, зошто да не работиме ние Албанците, претставниците во Парламентот со Албанското лоби во САД каде катадневно таму има средби меѓу грчкото и албанското лоби, разни лобија низ Европа. Но се разбира целата оваа енергија, својот ефект и својот резултат, ги зема и ги утврдува и ги опредметува тука и ние тука имаме консензус за многу работи за да имаме една Македонија така како што и личи за да биде членка на ЕУ односно на евроатланските структури. Тоа значи ќе берше нашиот придонес. Поминале многу години, сме претрпеле економски, можеби и политички, сме страдале во многу работи, меѓутоа ние сепак овие денови, можеби ви паднало во раце една публикација-Факти за ОН и таму гледате колку напори и колку години многу држави додека станале членки на ОН и додека ги постигнале своите цели воделе дипломатија за да го направат тоа што е од интерес на народите што ги претставуваат.

Ова ќе беше мојот придонес и мислам дека во оваа прилика сугестијата ќе беше, бидејќи декларацијата е веќе на дневен ред иако ќе беше многу подобро доколку имаше консултации, ќе беше многу подобро да беше и мојот потпис тука, меѓутоа сепак пораката да биде флексибилна. Вие знаете дека декларациите не се обврзувачки за државите на кои се обраќаме, но политичката порака сепак треба да оди. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Констатирам дека нема повеќе пријавено за збор.

Го заклучувам претресот.

Ги повикувам пратениците, пред да го ставиме Предлогот на гласање, да влезат во салата.

Предлогот на декларацијата го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеници, 22 гласале за, нема воздржани, 40 гласале против декларацијата.

Констатирам дека Собранието не ја донесе декларацијата за неменување на Уставното име на Република Македонија.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен, ја заклучувам 103-та седница на Собранието на Република Македонија.

(Седницата заврши во 17,13 часот)